Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS - BYROJA E ZHVILLIMIT TË ARSIMIT
MINISTRY OF EDUCATION AND SCIENCE - BUREAU FOR DEVELOPMENT OF EDUCATION

Биро за развој на образованието
Министерство за образование и наука

КОНЦЕПЦИЈА ЗА ОТКРИВАЊЕ И РАБОТА СО ТАЛЕНТИРАНИ И НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ

ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2026 година

Концепцијата за откривање и работа со талентирани и надарени ученици во основното образование е донесена со решение бр. **12-13802/2** од **5.11.2026** година.

Концепцијата за откривање и работа со талентирани и надарени ученици во основното образование е изработена под координација на Бирото за развој на образованието, преку работна група формирана со Решение од директорот на Бирото за развој на образованието. Во подготовката и стручната доработка на Концепцијата учествуваа стручни лица од: Бирото за развој на образованието; Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје; Педагошкиот факултет – Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола; Владата на Република Северна Македонија; Акредитираните здруженија на наставници**.** Концепцијата е доработена по спроведената јавна расправа, со вградување на прифатените забелешки и предлози од институциите, стручната јавност и другите заинтересирани учесници.

СОДРЖИНА

I. ВОВЕД И ОСНОВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА КОНЦЕПЦИЈАТА 6
I.1. Национални основи за изработка на Концепцијата 6
I.2. Потреба од системски пристап кон надареноста и талентираноста 7
I.3. Состојби и потреби во основното образование 7
I.4. Научни и меѓународни основи 8
I.5. Појдовни определби на македонскиот модел 9
II. ПОИМНА И КОНЦЕПЦИСКА РАМКА 10
II.1. Надареност и талентираност 10
II.2. Развојна и повеќедимензионална природа 10
II.3. Подрачја на манифестирање 11
II.4. Манифестирање на високиот потенцијал во воспитно-образовниот процес 11
II.5. Различни профили на талентирани и надарени ученици 12
III. ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ 13
III.1. Достоинство, еднакви можности и правичност 13
III.2. Инклузивност, различност и културна чувствителност 13
III.3. Развојност и разновидност на пристапите 13
III.4. Добросостојба и целосен развој на личноста 13
III.5. Персонализација, учество и автономија на ученикот 14
III.6. Партнерство и споделена одговорност 14
III.7. Етичност, доверливост, пропорционалност и одговорно постапување 14
IV. ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ТАЛЕНТИРАНИТЕ И НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ 15
IV.1. Цел и концепциска поставеност 15
IV.2. Принципи на препознавањето и идентификацијата 16
IV.3. Фази, постапки, извори и носители на процесот 17
IV.4. Ученици кај кои потенцијалот потешко се препознава 19
IV.5. Резултати, документација, заштитни механизми и системски предуслови 20
V. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА СО ТАЛЕНТИРАНИТЕ И НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ 22
V.1. Цел и поставеност на мерките и активностите 22
V.2. Мерки во редовната настава 23
V.3. Проширени можности во училиштето и надвор од него 24
V.4. Натпревари, смотри и јавно претставување на постигнувањата 25
V.5. Индивидуално планирање, менторство и социо-емоционална поддршка 26
V.6. Забрзано напредување 27
V.7. Стимулирање, награди и стипендии 28
V.8. Организација, улоги и следење на поддршката 29
V.9. Стручни документи и услови за спроведување 29

VI. УПРАВУВАЊЕ, УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ 30
VI.1. Училиштен тим и координатор за талентирани и надарени ученици 30
VI.2. Професионален развој и ресурси 32
VI.3. Документација, евиденција и заштита на податоците 33
VII. ТРАНЗИЦИЈА И КОНТИНУИТЕТ НА ПОДДРШКАТА 35
VII.1. Појдовна определба 35
VII.2. Принципи на континуитетот 35
VII.3. Континуитет низ основното образование 35
VII.4. Премин кон средно образование 35
VII.5. Континуитет за учениците изложени на поголем ризик од непрепознавање 36
VII.6. Улоги и одговорности 36
VII.7. Следење на континуитетот 36
VIII. СЛЕДЕЊЕ, ВРЕДНУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ 37
VIII.1. Рамка и индикатори за следење 37
VIII.2. Следење и самоевалуација на училишно ниво 38
VIII.3. Следење и вреднување на системско ниво 38
VIII.4. Национално известување и користење на резултатите 39
ПРИЛОГ 1. ПРИДРУЖНИ ДОКУМЕНТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕПЦИЈАТА 41
ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА ЦЕЛОСНИОТ ПРОЦЕС 45

I. ВОВЕД И ОСНОВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА КОНЦЕПЦИЈАТА

I.1. Национални основи за изработка на Концепцијата

Изработката на Концепцијата се заснова на законската, стратешката и концепциската рамка на основното образование во Република Северна Македонија, на досегашните национални искуства, како и на современите научни и стручни сознанија за развојот и образованието на талентираните и надарените ученици.

Непосредна правна основа претставува Законот за основното образование, кој меѓу целите на основното образование ја утврдува поддршката на талентираните и надарените ученици во различни области. Во согласност со членот 34, став (1), министерот, на предлог на Бирото за развој на образованието, донесува Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици, а со ставот (4) е определено дека со неа се уредуваат нивното препознавање и идентификација, како и мерките и активностите за работа. Концепцијата ја почитува законската терминологија, а поимното и развојното разбирање на надареноста и талентираноста го разработува врз основа на современите научни и стручни сознанија. Со тоа ова подрачје се поставува како составен дел на системот на основното образование, а не како повремена активност на одделни училишта.[1]

Поширокатa стратешка основа е поставена со Стратегијата за образование 2026–2032 со Акциски план 2026–2028, која во приоритетната област „Основно образование“ го поврзува унапредувањето на квалитетот на наставата со диференцирани и индивидуализирани пристапи и со воспоставување систем за идентификација, поддршка и стимулирање на талентираните ученици. Концепцијата ја разработува оваа стратешка определба преку национална рамка за препознавање, идентификација и континуирана воспитно-образовна поддршка.[2]

Концепцијата се поврзува и со определбите од Стратешкиот план на Министерството за образование и наука 2026–2028 и Програмата за работа на Владата 2024–2028, со кои се предвидува развивање систем за препознавање и поддршка на талентираните и надарените ученици, унапредување на воспитно-образовната работа, менторството, поврзувањето со надворешни ресурси и институции и поддршката на учениците, наставниците и семејствата.[3,4]

Концепцијата за основно образование претставува непосредна концепциска основа за овој документ. Нејзините определби за образование насочено кон ученикот, еднаквост, правичност, инклузивност, почитување на индивидуалните разлики, развивање компетенции и обезбедување можности за напредување во согласност со способностите и интересите, се основа и за системското уредување на работата со талентираните и надарените ученици.[5]

Националните стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование го насочуваат воспитно-образовниот процес кон развивање знаења, вештини, ставови и вредности во различни подрачја. Нивната широка поставеност е значајна и за разбирањето на надареноста и

[1] Собрание на Република Северна Македонија. (2019). *Закон за основното образование*. „Службен весник на РСМ“, бр. 161/2019, со последователните измени и дополнувања. Член 34.

[2] Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија. (2026). *Стратегија за образование 2026–2032 со Акциски план 2026–2028*. Приоритетна област „Основно образование“, мерка 2.6.

[3] Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија. (2025). *Стратешки план на Министерството за образование и наука 2026–2028*. Бр. 01-16397/1 од 26.12.2025 година.

[4] Влада на Република Северна Македонија. (2024). *Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024–2028*.

[5] Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието. (2021). *Концепција за основно образование*.

талентираноста, бидејќи потенцијалите можат да се манифестираат во различни подрачја и не се препознаваат исклучиво преку оценките или постигнувањата во одделни наставни предмети.[6]

Релевантна основа претставува и Концепцијата за инклузивно образование, особено определбата образовниот систем да ги препознава различните потреби на учениците и да обезбедува услови за нивно учество, учење и напредување. Поддршката на талентираните и надарените ученици, во таа смисла, е составен дел на системот што ги почитува индивидуалните разлики и создава услови секој ученик да го развива сопствениот потенцијал.[7]

Концепцијата се поврзува и со законите и подзаконските акти со кои се уредуваат професионалните компетенции и професионалниот развој на наставниците, стручните соработници и директорите, стручната и развојната дејност на Бирото за развој на образованието, квалитетот на воспитно-образовната работа и следењето и вреднувањето на постигањата на учениците и работата на училиштата.

На овој начин не се воспоставува издвоен или паралелен систем, туку се надградува постојниот систем на основното образование и се поврзуваат неговите законски, стратешки, програмски и стручни механизми во функционална рамка за препознавање и развивање на потенцијалите на учениците.

I.2. Потреба од системски пристап кон надареноста и талентираноста

Секој ученик треба да има можност да ги развива своите способности и потенцијали до највисокото ниво што може да го достигне. Тоа подразбира образовниот систем да ги препознава индивидуалните разлики и да обезбедува соодветни услови и поддршка и за учениците кои покажуваат високи потенцијали, изразени способности, интереси, креативност или постигнувања во едно или повеќе подрачја.

Надареноста и талентираноста се сложени и развојни појави. Тие не се манифестираат на ист начин кај сите ученици, ниту се подеднакво видливи во сите развојни периоди и образовни ситуации. Кај определени ученици високите потенцијали рано се изразуваат преку брзо напредување или високи постигнувања, додека кај други можат подолго време да останат недоволно видливи. Кај ист ученик потенцијалот може да биде видлив во едно подрачје, а недоволно препознаен во друго. Нивното манифестирање зависи од индивидуалните карактеристики на ученикот, но и од можностите за учење, поддршката и искуствата што му се достапни.

Поради тоа, препознавањето не се сведува на еднократно тестирање, висок училиштен успех или резултат на натпревар. Потребен е континуиран процес во кој потенцијалите се забележуваат во различни ситуации, се следат во текот на времето и се согледуваат преку повеќе извори на информации и различни облици на активност.

Во оваа Концепција, откривањето се разбира како поширок и континуиран развоен процес што ги опфаќа препознавањето, создавањето можности за манифестирање и развивање на потенцијалот, следењето на напредувањето и повеќекритериумската идентификација. Идентификацијата не претставува цел сама за себе, туку основа за планирање и обезбедување соодветна воспитно-образовна поддршка.

I.3. Состојби и потреби во основното образование

Во Република Северна Македонија постојат законски и концепциски основи, како и национални истражувања и стручни искуства поврзани со препознавањето и поддршката на талентираните и

[6] Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието. (2021). *Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование*. Решение бр. 08-4176/2 од 5.3.2021 година.

[7] Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието. (2020). *Концепција за инклузивно образование*.

надарените ученици. Потребно е тие да се поврзат во применлив модел што ќе обезбеди доследност и континуитет на поддршката во сите основни училишта.

Во постојната практика надареноста често се поистоветува со високи оценки, награди и резултати на натпревари. Овие постигнувања можат да бидат значајни показатели, но не се доволни за препознавање на сите ученици со висок потенцијал. Потребно е системот да ги препознава и учениците кај кои способностите се манифестираат преку оригинално решавање проблеми, креативност, продлабочени интереси, брзо усвојување и поврзување на знаењата, истражувачка љубопитност или други релевантни показатели.

Работата со талентираните и надарените ученици не треба да се ограничува на додатна настава, натпревари и активности надвор од редовната настава. Поддршката започнува во редовниот воспитно-образовен процес, преку приспособување на содржините, методите, задачите, темпото и сложеноста и преку можности за самостојно, проблемско и истражувачко учење.

Посебно внимание е потребно за учениците чии потенцијали можат да останат непрепознаени поради социјални, економски, културни, јазични, развојни или други околности, како и за учениците кај кои високите способности се јавуваат истовремено со тешкотии во учењето, попреченост или други образовни потреби. Системот треба да обезбедува различни можности ученикот да го покаже својот потенцијал и соодветна поддршка пред и по идентификацијата.

Оттука произлегува потребата од национална рамка што ќе обезбеди заеднички принципи, јасни улоги и одговорности, континуитет на поддршката и стручна основа за развивање протоколи, инструменти и материјали за практична примена.

I.4. Научни и меѓународни основи

При изработката на Концепцијата се земаат предвид современите научни сознанија и релевантните меѓународни искуства во областа на надареноста и развојот на талентите. Тие упатуваат на напуштање на тесното разбирање според кое надареноста се изедначува само со висока општа интелигенција и на воспоставување развоен пристап што ги поврзува способностите, креативноста, мотивацијата, можностите за учење и влијанието на средината.

Научна основа на Концепцијата претставуваат повеќедимензионалното сфаќање на надареноста како заемно дејство на натпросечни општи и/или специфични способности, креативноста и посветеноста на задачата (Џозеф Рензули), разликувањето меѓу природниот потенцијал и систематски развиениот талент (Франсоа Гање), како и развојното сфаќање според кое преминувањето од потенцијал кон високо постигнување бара време, соодветни можности, стручна поддршка и различни облици на учење (Рена Суботник, Паула Олшевски-Кубилиус и Френк Ворел). Овие сознанија се користат како научна основа, без преземање единствена дефиниција, модел или однапред определен праг за идентификација.[8]

Меѓународните искуства покажуваат дека одржливиот систем ги поврзува раното и континуираното препознавање, повеќекритериумската идентификација, поддршката во редовната настава, индивидуализираното планирање, менторството, вклучувањето надворешни стручни ресурси и следењето на напредувањето. Овие искуства се приспособуваат на законската рамка, организацијата на основното образование, институционалните надлежности и расположливите стручни ресурси во Република Северна Македонија.

[8] Renzulli, J. S. (1978). What makes giftedness? Reexamining a definition. *Phi Delta Kappan, 60*(3), 180–184, 261. Gagné, F. (2004). Transforming gifts into talents: The DMGT as a developmental theory. *High Ability Studies, 15*(2), 119–147. https://doi.org/10.1080/1359813042000314682 Subotnik, R. F., Olszewski-Kubilius, P., & Worrell, F. C. (2011). Rethinking giftedness and gifted education: A proposed direction forward based on psychological science. *Psychological Science in the Public Interest, 12*(1), 3–54. https://doi.org/10.1177/1529100611418056

I.5. Појдовни определби на македонскиот модел

Со Концепцијата се поставува основата за развоен, правичен, повеќекритериумски и системски модел на откривање и работа со талентираните и надарените ученици. Моделот поаѓа од потенцијалот на ученикот и од потребата тој навремено да се препознае, да се поттикнува и да се развива, без предвремено или трајно категоризирање.

Процесот има континуиран и флексибилен карактер и се одвива во текот на основното образование. Препознавањето и идентификацијата не се врзуваат исклучиво за определена возраст, одделение или единечен момент, бидејќи потенцијалите можат да станат видливи и да се развиваат во различни периоди и образовни ситуации.

Идентификацијата се заснова на поврзување повеќе критериуми, методи и извори на информации во целовита стручна проценка. Ниту еден поединечен показател не претставува самостојна основа за идентификација.

Моделот се заснова на координиран и мултидисциплинарен пристап. Наставниците, стручните соработници, директорот, училишниот тим за талентирани и надарени ученици и другите релевантни стручни лица имаат различни, но меѓусебно поврзани улоги. Родителите, односно старателите, се партнери и значаен извор на информации, а ученикот, во согласност со возраста и зрелоста, учествува во планирањето и следењето на сопственото учење и развој.

Основата на поддршката е редовната настава, приспособена на потенцијалите и потребите на ученикот. Таа се проширува преку училишни и воннаставни активности, менторство и соработка со надворешни стручни лица и институции, во согласност со мерките и активностите разработени во поглавјето V.

Поддршката се планира според индивидуалниот профил и потребите на ученикот и се приспособува во согласност со неговото напредување, интересите и развојните потреби. Нејзините ефекти континуирано се следат и вреднуваат, а сознанијата од следењето се користат за понатамошно планирање и приспособување.

Правичноста е составна определба на моделот. Посебно внимание се посветува на учениците чиј висок потенцијал може да остане прикриен поради неповолни услови, културни или јазични специфики, тешкотии во учењето или развојот, недоволна мотивација или пониски училишни постигнувања. Околностите во кои ученикот расте и учи не смеат да претставуваат пречка за препознавање и развивање на неговиот потенцијал.

Концепцијата ги утврдува националните определби, основните функции на системот и рамката за распределба на одговорностите. Конкретните инструменти, тестови, скали, критериуми, обрасци и детални постапки се развиваат преку придружни стручни документи. Пред нивната редовна примена, прашањата што создаваат нови права, обврски, овластувања, формални евиденции, правни последици или финансиски импликации се уредуваат со соодветни законски и подзаконски акти.

II. ПОИМНА И КОНЦЕПЦИСКА РАМКА

II.1. Надареност и талентираност

Концепцијата го користи изразот „талентирани и надарени ученици“ во согласност со законската терминологија и со него ги опфаќа учениците со изразени високи способности или постигнувања, како и оние со препознаен висок потенцијал што сè уште не е целосно развиен или видлив. Препознавање е континуирано педагошко забележување показатели; идентификација е структурирана повеќекритериумска стручна постапка; профил е интегриран опис на способностите и потребите; а поддршка се мерките и активностите за развивање на потенцијалот. Поимите служат за планирање поддршка, а не за трајно категоризирање или рангирање на учениците.

Надареноста и талентираноста се сложени, повеќедимензионални и развојни појави што произлегуваат од заемното дејство на способностите, креативноста, мотивацијата, интересите, личните карактеристики, можностите за учење и поддршката од средината. Во Концепцијата, изразот „висок потенцијал“ се користи описно за способности и развојни можности што можат да се манифестираат и да се развиваат над вообичаено очекуваното за возраста и искуствата на ученикот; тој не претставува посебна правна категорија или однапред утврдена ознака.

Надареноста се разбира како изразен потенцијал во едно или во повеќе подрачја, кој му овозможува на ученикот да учи, да разбира, да создава, да решава сложени проблеми, да остварува изведби и постигнувања или да напредува на начин и со темпо што се разликуваат од вообичаено очекуваните за ученици со споредлива возраст, искуства и можности за учење.

Талентираноста се однесува на развиено и видливо високо ниво на знаења, вештини, компетентност, творечки способности или постигнувања во определено подрачје. Таа се развива врз основа на потенцијалите на ученикот, преку учење, вежбање, искуство, мотивација, посветеност и соодветна поддршка.[9]

Трансформацијата на потенцијалот во развиен талент е под влијание на интраперсонални фактори, како што се мотивацијата, истрајноста, самодовербата, саморегулацијата и независноста, како и на средински фактори, меѓу кои семејството, наставниците, врсниците, можностите за учење и достапните ресурси.

Развојот на талентот се поддржува преку соодветни можности за учење и активно учество на ученикот. Неговата иницијативност, вложениот напор и саморегулацијата се развиваат во заемно дејство со поддршката од семејството, училиштето и поширокатa средина.

Разликувањето меѓу надареноста како потенцијал и талентираноста како развиена компетентност или постигнување има аналитичка и развојна функција и не подразбира нивно строго одвојување. Тие се дел од единствен процес во кој потенцијалите, под влијание на личните и срединските фактори, можат да се развиваат во високи нивоа на компетентност, творештво и постигнување.

II.2. Развојна и повеќедимензионална природа

Надареноста и талентираноста не се непроменливи својства утврдени еднаш засекогаш. Промените во можностите за учење и во личните и срединските услови можат да влијаат врз нивното манифестирање и развивање. Поради тоа, сознанијата за потенцијалот и потребите на ученикот периодично се дополнуваат и преиспитуваат.

Ученикот може да покажува висок потенцијал во едно или во повеќе подрачја, додека неговиот когнитивен, емоционален, социјален и психомоторен развој може да се одвива со различно темпо. Поради тоа, профилот на ученикот не се определува преку единствена листа на карактеристики,

[9] Gagné, F. (1991). Toward a differentiated model of giftedness and talent. In N. Colangelo & G. A. Davis (Eds.), *Handbook of gifted education* (pp. 65–80). Allyn & Bacon.

туку преку целосно согледување на способностите, интересите, начините на учење, мотивацијата, креативноста, постигнувањата, добросостојбата и образовните потреби во конкретниот развоен и социјален контекст.[10]

II.3. Подрачја на манифестирање

Надареноста и талентираноста можат да се манифестираат во различни и заемно поврзани подрачја: општи интелектуални и академски способности; јазично и литературно изразување; математика, природни науки и технологија; информатика и дигитално творештво; општествени и хуманистички области; музичка, ликовна, сценска и друга уметничка дејност; технички, практични и иновативни способности; спортски и психомоторни способности; креативност, претприемливост и лидерство, како и во други подрачја во кои ученикот покажува изразен потенцијал, интерес или постигнување.

Наведените подрачја не претставуваат затворена класификација, ниту основа за строго разграничување меѓу надареноста и талентираноста. Потенцијалот може да се изразува интердисциплинарно, да опфаќа повеќе способности и подрачја (мултипла надареност) и да се менува и развива во зависност од возраста, искуствата и можностите што му се обезбедени на ученикот.

II.4. Манифестирање на високиот потенцијал во воспитно-образовниот процес

Во воспитно-образовниот процес високиот потенцијал може да се манифестира преку побрзо и полесно усвојување знаења и вештини; потреба од помал број повторувања; продлабочено разбирање и поврзување на поими; напредно расудување и примена на сложени стратегии за решавање проблеми; оригинални идеи, прашања, решенија или творечки продукти; долготраен и продлабочен интерес; изразена самостојност, истрајност и внатрешна мотивација; практична умешност или постигнувања што значително ги надминуваат вообичаените развојни и образовни очекувања.

Показателите се толкуваат во однос на ученици од иста или слична возраст, но и со споредливи претходни искуства, јазични и културни услови и можности за користење релевантни образовни ресурси. На тој начин се избегнуваат социјалните, економските, географските или други разлики во достапните можности да се толкуваат како разлики во потенцијалот.

Карактеристиките и показателите на висок потенцијал не се задолжително присутни кај секој ученик, ниту се манифестираат со еднаков интензитет и во секоја ситуација. На нивната видливост можат да влијаат возраста, социо-емоционалните особености, јазичната и културната средина, претходните можности за учење, попреченоста или тешкотиите во учењето, семејните и социјалните услови и очекувањата од средината.

Високиот училиштен успех, сам по себе, не претставува доволен показател за надареност или талентираност. Истовремено, ниските, нерамномерните или пониски од очекуваните постигнувања не го исклучуваат постоењето висок потенцијал. Во Концепцијата, потпостигање означува несообразност меѓу потенцијалите на ученикот и неговите остварени постигнувања. Потпостигањето може да произлегува од недоволен предизвик, непрепознаени потреби, намалена мотивација, неповолни услови или други лични и средински фактори.

Показателите се користат како основа за систематско набљудување, обезбедување различни можности за манифестирање и развивање на потенцијалот и прибирање дополнителни сознанија. Тие не претставуваат конечна контролна листа, самостоен критериум или основа за автоматско определување и категоризирање на ученикот.

[10] Subotnik, R. F., Olszewski-Kubilius, P., & Worrell, F. C. (2011). Rethinking giftedness and gifted education: A proposed direction forward based on psychological science. *Psychological Science in the Public Interest, 12*(1), 3–54. https://doi.org/10.1177/1529100611418056

II.5. Различни профили на талентирани и надарени ученици

Талентираните и надарените ученици не претставуваат хомогена група. Тие се разликуваат според подрачјето и степенот на изразеност на способностите, начинот и темпото на учење, мотивацијата, креативноста, личните и социо-емоционалните карактеристики, постигнувањата, животните искуства и поддршката што ја добиваат.

Кај дел од учениците високиот потенцијал е лесно видлив преку постојано високи постигнувања. Тој може да се манифестира и преку нестандардни идеи, интензивни интереси или способности што не се целосно опфатени со редовната настава. Определени ученици го прикриваат потенцијалот заради прифаќање од врсниците, а кај други недоволниот предизвик, неповолните услови, јазичните и културните разлики или непрепознаените потреби можат да доведат до потпостигање и намалена мотивација.

Посебно внимание е потребно кај учениците кај кои високиот потенцијал или развиените способности се јавуваат истовремено со попреченост, специфични тешкотии во учењето, нарушување на вниманието или други развојни тешкотии што бараат дополнителна образовна поддршка, вклучително кога тие сè уште не се препознаени. За оваа истовременост се користи поимот двојна исклучителност. Кај овие ученици силните страни и тешкотиите можат заемно да се прикриваат, поради што потенцијалот може да остане непрепознаен, а поддршката да биде насочена само кон тешкотиите или само кон високите способности.[11]

Двојната исклучителност се разгледува одделно од потпостигањето и од социјалните, јазичните или срединските бариери, иако тие можат да се јават истовремено. Проценката треба да ги согледа и силните страни и потребите за дополнителна поддршка, без високите способности да ја исклучуваат потребата од помош или тешкотиите да го прикриваат потенцијалот.

[11] Betts, G. T., & Neihart, M. (1988). Profiles of the gifted and talented. *Gifted Child Quarterly, 32*(2), 248–253. https://doi.org/10.1177/001698628803200202 Neihart, M., & Betts, G. T. (2010). *Revised profiles of the gifted and talented* [Ревидирана матрица на профили].

III. ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ

Концепцијата се темели врз почитувањето на достоинството, правата и најдобриот интерес на секој ученик. Вредноста на ученикот не зависи од неговите способности, постигања, социјално потекло или од степенот на развиеност на неговите потенцијали. Образовниот систем создава услови различните способности и потенцијали навремено да се препознаваат, развиваат и поддржуваат, со учество на ученикот во прашањата што го засегаат, соодветно на неговата возраст и зрелост.[12]

Врз оваа основа, препознавањето, идентификацијата и воспитно-образовната работа со талентираните и надарените ученици се засноваат врз следните заемно поврзани вредности и принципи.

1. Достоинство, еднакви можности и правичност

Секој ученик има право на квалитетно образование и на можности за развивање на сопствените потенцијали. Еднаквите можности подразбираат недискриминирачки пристап до препознавање, идентификација и поддршка, како и намалување на влијанието на економските, социјалните, културните, јазичните, семејните, географските и другите околности врз образовниот развој.

Правичноста не значи идентичен образовен третман, туку обезбедување поддршка соодветна на способностите, интересите, потребите и развојните карактеристики на ученикот. Основната училишна поддршка се обезбедува без трошок за семејството и не смее да зависи од неговата можност да обезбеди приватна проценка, менторство, опрема или друга надворешна услуга.

2. Инклузивност, различност и културна чувствителност

Инклузивноста подразбира почитување на разновидноста на способностите, интересите, развојните профили, темпото и начините на учење, со активно учество и чувство на припадност во училишната заедница. Поддршката се обезбедува без создавање статусни хиерархии, етикетирање, стигматизација или социјална изолација.

Културната и јазичната чувствителност бара потенцијалот да се согледува во контекстот во кој ученикот расте, учи и ги изразува своите интереси. Се обезбедуваат пристапни и јазично соодветни можности, како и различни начини ученикот да го покаже потенцијалот. Посебно внимание се посветува на учениците од социјално ранливи и маргинализирани групи, од рурални и просторно изолирани средини, на учениците со прикриен потенцијал или потпостигање и на двојно исклучителните ученици.

3. Развојност и разновидност на пристапите

Развојниот и повеќекритериумскиот пристап подразбираат континуирано согледување на потенцијалот преку разновидни извори, начини на манифестирање и стручни согледувања, соодветно на возраста, подрачјето и околностите на ученикот. Можностите за учење и поддршката се приспособуваат на сознанијата за неговиот развој.

Идентификацијата не е цел сама за себе и не води кон трајно категоризирање на ученикот. Нејзината функција е да придонесе за разбирање на индивидуалниот профил и за обезбедување соодветна воспитно-образовна поддршка.

4. Добросостојба и целосен развој на личноста

Развивањето на високите потенцијали е поврзано со целосниот развој на личноста во интелектуалната, емоционалната, социјалната, моралната, творечката и физичката димензија. Надареноста не создава обврска за постојано високи постигања, ниту оправдува несразмерен притисок врз ученикот. Поддршката обезбедува соодветен предизвик, ја штити добросостојбата и

[12] Обединети нации. (1989). *Конвенција за правата на детето*. Особено членовите 2, 3, 12 и 29.

ги зема предвид мотивацијата, односите со врсниците, чувството на припадност и социо-емоционалните потреби.

5. Персонализација, учество и автономија на ученикот

Поддршката се заснова врз индивидуалниот профил на способности, интереси, потреби и начини на учење и се приспособува на развојот и напредувањето на ученикот. Ученикот, соодветно на возраста и зрелоста, се информира и учествува во определувањето на развојните насоки и можностите за учење. Со тоа се поттикнуваат неговата автономија, одговорност и способност за информирано донесување одлуки.

6. Партнерство и споделена одговорност

Препознавањето, развивањето на потенцијалите и обезбедувањето поддршка се темелат врз партнерство и споделена одговорност меѓу ученикот, семејството, училиштето, надлежните институции и поширокаата заедница, секој во рамките на своите надлежности и професионални улоги. Соработката со родителите, односно старателите, е континуирана и двонасочна, но пристапот до поддршка не зависи од нивната информираност, ресурси или можност да го застапуваат детето.

Кога потребите и потенцијалите на ученикот го налагаат тоа, училиштето воспоставува соработка со релевантни институции, здруженија и стручни лица. Партнерствата ги прошируваат можностите за учење и развој и се воспоставуваат со почитување на најдобриот интерес и безбедноста на ученикот.

7. Етичност, доверливост, пропорционалност и одговорно постапување

Постапувањето е стручно, транспарентно, непристрасно и насочено кон најдобриот интерес на ученикот. Методите, инструментите и документацијата се соодветни на возраста, развојните карактеристики и потребите на ученикот и не создаваат непотребно административно оптоварување. Приватноста и личните податоци се заштитуваат, а информациите се прибираат, користат и споделуваат само во обем неопходен за утврдената цел и во согласност со важечките прописи.

Овие вредности и принципи се применуваат во сите делови на Концепцијата и претставуваат основа за разработување на постапките, протоколите, инструментите, стручните насоки и програмите за професионален развој.

IV. ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ТАЛЕНТИРАНИТЕ И НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ

IV.1. Цел и концепциска поставеност

Препознавањето и идентификацијата на талентираните и надарените ученици се дел од единствен, континуиран и развоен процес, чија основна цел е навремено да се утврдат потенцијалите, интересите, силните страни и воспитно-образовните потреби на ученикот и да се обезбеди соодветна поддршка за нивно развивање. Процесот не е насочен кон издвојување, рангирање или етикетирање на учениците, туку кон создавање услови секој ученик да напредува во согласност со сопствените можности.

Развојното разбирање на надареноста и талентираноста (Renzulli; Gagné) го поврзува препознавањето со воспитно-образовната работа. На ученикот му се обезбедуваат соодветни можности да го покаже и развива потенцијалот, а неговата реакција и напредувањето се користат како дополнителен извор на докази во идентификацијата.[13]

Системот се заснова на циклично поврзани процеси: **препознавање → развивање и следење на потенцијалот → идентификација → планирање и реализација на поддршката → следење и повторно проценување**. Фазите не се секогаш строго последователни. Во зависност од возраста, подрачјето на потенцијалот и потребите на ученикот, определена фаза може да трае подолго, да се повтори или да се спроведува паралелно со друга фаза.

Препознавањето започнува во редовната настава и во другите училишни и вонучилишни активности. Стручната идентификација ги поврзува прибраните педагошки сознанија со потребните дополнителни проценки за утврдување на индивидуалниот профил на способности, потенцијали и образовни потреби.

[13] Renzulli, J. S. (2005). The three-ring conception of giftedness: A developmental model for promoting creative productivity. In R. J. Sternberg & J. E. Davidson (Eds.), *Conceptions of giftedness* (2nd ed., pp. 246–279). Cambridge University Press. Gagné, F. (2004). Transforming gifts into talents: The DMGT as a developmental theory. *High Ability Studies, 15*(2), 119–147. https://doi.org/10.1080/1359813042000314682

Графички приказ 1. Развоен циклус на препознавање, идентификација и поддршка



IV.2. Принципи на препознавањето и идентификацијата

Засновани врз општите вредности и принципи на Концепцијата, процесите на препознавање и идентификација ги имаат следниве специфични одлики:

- **развојност и континуитет** – потенцијалот се следи во подолг временски период и во различни ситуации, а проценката се преиспитува во согласност со развојот и ефектите од поддршката;
- **повеќекритериумски и повеќеизворен пристап** – се комбинираат податоци од систематско набљудување, ученички продукти и портфолио, постигнувања, разговори, проценки и, кога е потребно, стандардизирани инструменти;
- **мултидисциплинарност и споделена стручна одговорност** – во процесот учествуваат наставниците, стручните соработници и други релевантни стручни лица, секој во рамките на своите компетенции;
- **правичност и културна чувствителност –** се применуваат постапки што го намалуваат влијанието на јазичните, социјалните и културните разлики, како и на пристрасностите поврзани со полот и другите релевантни основи**;**
- **учество на ученикот и партнерство со родителите/старателите** – ученикот, во согласност со возраста и зрелоста, учествува во согледувањето на сопствените интереси, цели и потреби, а родителите/старателите се навремено информирани и вклучени;
- **стручност, етичност и доверливост** – инструментите и протоколите ги применуваат лица со соодветни квалификации, а податоците се прибираат само во обем потребен за донесување

воспитно-образовни одлуки и планирање на поддршката и се чуваат и користат во согласност со прописите за заштита на личните податоци;

- **економичност и функционалност** – постапките се вградуваат во редовната работа на училиштето и не создаваат непотребна административна оптовареност.

Препознавањето и идентификацијата мора да бидат доволно чувствителни за да ги опфатат и учениците чиј потенцијал не се манифестира преку високи оценки или вообичаени училишни постигнувања. Правичноста не значи примена на еднаква постапка за сите, туку создавање можност секој ученик да го покаже потенцијалот на начин соодветен на неговите карактеристики и околности.

IV.3. Фази, постапки, извори и носители на процесот

Прва фаза: препознавање на показатели за висок потенцијал

Препознавањето се спроведува континуирано, првенствено во редовната настава. Наставникот систематски го набљудува начинот на кој ученикот учи, поставува прашања, решава проблеми, создава оригинални продукти, ги поврзува сознанијата, покажува интерес и истрајност и реагира на сложени и предизвикувачки задачи. Се следат и брзината и длабочината на учењето, потребата од поголем предизвик, креативноста, самостојноста и специфичните способности во одделни подрачја.

Набљудувањето ги опфаќа сите ученици уште од почетокот на основното образование. Во одделенската настава особено значајни се континуираното познавање на ученикот и поврзувањето на сознанијата од различни подрачја. Методите и доказите се приспособуваат на развојниот период; возраста сама по себе не е причина за одложување на потребната стручна проценка.

За да се намали субјективноста, наставникот користи однапред утврдени категории за набљудување и прибира разновидни докази: белешки од систематско набљудување, листи на показатели и скали за процена што ги пополнува наставникот, примероци од ученички работи, портфолио, проектни и истражувачки продукти, резултати од сложени и отворени задачи, податоци за интересите и мотивацијата и релевантни постигнувања. Во проценката можат да се вклучат информации од ученикот, родителите/старателите, други наставници, соучениците и стручни лица или ментори надвор од училиштето. Секоја информација се разгледува во контекст и не се користи како самостојна основа за идентификација.

Номинацијата претставува образложена иницијатива за разгледување на потенцијалот и образовните потреби на ученикот. Иницијативата може да ја даде наставник, стручен соработник, родител/старател, ученикот преку самономинација или друго релевантно лице. Таа се поткрепува со достапни примери и сознанија, но не претставува потврда за идентификација. Училишниот тим за талентирани и надарени ученици (во натамошниот текст: училиштен тим) ги разгледува информациите и утврдува кои дополнителни можности за учење, извори на докази и облици на следење се потребни.

Националниот протокол ги разработува начините на поднесување иницијатива, потврдата за прием, одговорното лице, рокот за разгледување и образложената повратна информација. Обрасците треба да бидат кратки и разбирливи за учениците и родителите/старателите. Можноста за номинација не ја заменува обврската за проактивно набљудување на сите ученици во наставата.

Втора фаза: развивање и следење на потенцијалот

На ученикот му се обезбедуваат збогатени, продлабочени и предизвикувачки можности за учење во рамките на редовната настава и во други училишни активности. Тие може да вклучуваат диференцирани и отворени задачи, проектна и истражувачка работа, флексибилно темпо, дополнителни извори, решавање реални проблеми, учество во клубови и секции и соработка со ментор.

Целта на оваа фаза е истовремено да се развива потенцијалот и да се приберат поверодостојни докази за начинот на кој ученикот реагира на зголемен предизвик. Почетните мерки се планираат врз основа на педагошките согледувања за силните страни, интересите и потребите, кои се дополнуваат во текот на следењето. Според подрачјето и развојните цели, се следат напредувањето, квалитетот и сложеноста на работата, самостојноста, истрајноста, креативноста, мотивацијата и потребата од приспособување. Овие сознанија се вградуваат во индивидуалниот профил при стручната идентификација. Така проценката се заснова и на покажаниот развој во соодветни услови, а не само на претходните можности и постигнувања на ученикот (Subotnik, Olszewski-Kubilius и Worrell).[14]

Наставникот го документира напредувањето, а училишниот тим периодично ги разгледува доказите, заедно со ученикот и родителите/старателите. Врз основа на насоките од националниот протокол, тимот образложува кои прашања бараат стручна идентификација или кои дополнителни докази треба да се приберат преку развивање и следење. Кога прибирањето докази продолжува, се определуваат целта, одговорното лице и терминот за повторно разгледување. Независно од исходот, ученикот добива соодветна воспитно-образовна поддршка, а редовното следење на неговиот развој продолжува.

Трета фаза: стручна идентификација

Идентификацијата е стручно утврдување на индивидуалниот профил на способности, потенцијали, интереси, постигнувања и воспитно-образовни потреби. Се иницира кога расположливите сознанија укажуваат на потреба од поцелосна стручна проценка за насочување на поддршката, вклучително при неусогласени наоди, прикриен потенцијал или посложени образовни потреби. Во образложението се определуваат подрачјето, прашањата што треба да ги разјасни проценката и расположливите докази. Националниот протокол ги разработува постапката и роковите, без неоправдано продолжување на претходното набљудување.

Изборот и обемот на проценката се определуваат според поставените прашања, возраста, подрачјето и потребите на ученикот; не се применуваат задолжително сите инструменти кај секој ученик. Може да се користат следниве категории инструменти и извори:

- стандардизирани инструменти за процена на општите и специфичните интелектуални способности;
- инструменти и постапки за процена на креативноста;
- стандардизирани тестови на знаење и постигнувања во соодветното подрачје, кога се достапни и соодветни на целта на проценката;
- инструменти за согледување на мотивацијата, интересите, истрајноста и релевантните личносни и социо-емоционални карактеристики;
- скали за процена што ги пополнува наставникот, структурирани набљудувања и интервјуа;
- портфолио, ученички трудови, изведби и постигнувања;
- задачи и процени соодветни на специфичното подрачје на талентот;
- разговор со ученикот и родителите/старателите и анализа на релевантната педагошка документација.

Педагошкото следење и психолошката проценка се различни, но комплементарни стручни постапки. Наставникот и педагогот обезбедуваат сознанија за учењето, однесувањето, интересите и развојот на потенцијалот во воспитно-образовниот контекст, додека психологот е одговорен за примената и толкувањето на психолошките инструменти. Стандардизираните психолошки инструменти ги применува и толкува квалификуван и овластен психолог, со информирање и

[14] Subotnik, R. F., Olszewski-Kubilius, P., & Worrell, F. C. (2011). Rethinking giftedness and gifted education: A proposed direction forward based on psychological science. *Psychological Science in the Public Interest, 12*(1), 3–54. https://doi.org/10.1177/1529100611418056

согласност кога е правно потребна. Инструментите што се користат за нормативно споредување и за стручни одлуки за идентификација треба да имаат соодветна валидност, веродостојност (релијабилност), норми и културна и јазична применливост. Ако се користат други извори или адаптирани материјали, нивната информативна вредност се толкува ограничено и никогаш како единствена основа за одлука.[15]

Педагошките сознанија, психолошките наоди и проценките во специфичното подрачје се разгледуваат заедно, со распределба на стручните задачи во согласност со поглавјето VI.1. При истовремени тешкотии се вклучува и специјален едукатор и рехабилитатор или друг компетентен стручен соработник. Кога е потребен недостапен стручен капацитет, дополнителна експертиза или независна проценка, училиштето организира надворешна соработка според постапката од поглавјето VI. Семејството не се условува да обезбеди приватна проценка.

Училишниот тим ги обединува релевантните наоди во интегриран стручен предлог со образложен индивидуален профил, подрачја на потенцијал, развојни и образовни потреби и препораки за работа. Во предлогот се наведува како сознанијата ја насочуваат сложеноста на задачите, темпото, начинот на учење и потребните приспособувања. Се почитуваат ограничувањата на наодите и стручната одговорност на секој вклучен профил. При различни или недоволно усогласени наоди се определува што треба дополнително да се разјасни преку нови податоци, следење или второ стручно мислење.

Четврта фаза: планирање, поддршка и повторно проценување

Врз основа на индивидуалниот профил, училиштето, во соработка со ученикот и родителите/старателите, ги усогласува развојните цели, мерките, одговорните лица и начинот на следење. Наставникот ги вградува препораките во наставното планирање и ја следи нивната примена. Кога е потребна подолготрајна или посложена координирана работа, се изработува индивидуален план за воспитно-образовна поддршка, во согласност со поглавјето V.5.

Идентификацијата не е услов ученикот да добие почетна збогатена поддршка, ниту е завршна точка на процесот. Ако следењето покаже дека применетата поддршка не создава соодветен предизвик или не одговара на потребите, планот се менува, се прибираат нови докази и, по потреба, се врши повторно проценување.

Училиштен тим и распределба на одговорностите

Училишниот тим ја координира поврзаноста меѓу препознавањето, развивањето на потенцијалот, стручната идентификација и поддршката. Неговата организација, составот и одговорностите се утврдени во поглавјето VI.1. Тимското разгледување не ја заменува одговорноста на секој стручен профил за проценката што ја спроведува.

IV.4. Ученици кај кои потенцијалот потешко се препознава

Посебно внимание се посветува на учениците кај кои високиот потенцијал е прикриен, нерамномерно развиен или не се изразува преку вообичаени училишни постигнувања. Во оваа група може да бидат:

- ученици со исклучително висок потенцијал и неусогласен когнитивен, емоционален и социјален развој;
- ученици со висок потенцијал и истовремени тешкотии во учењето, попреченост или други образовни потреби, односно двојно исклучителни ученици;
- ученици чии постигнувања се пониски од нивните можности поради недоволен предизвик, ниска мотивација, неповолни искуства, анксиозност или други лични и средински фактори;

[15] Pfeiffer, S. I. (2015). *Essentials of gifted assessment*. Wiley. https://doi.org/10.1002/9781394259410

- ученици од социјално и економски неповолни средини, рурални средини, различни јазични и културни заедници или ученици со ограничени можности за пристап до дополнителни образовни содржини;
- ученици чиј потенцијал се манифестира во специфични подрачја, надвор од вообичаените форми на училишно оценување.

Кај овие ученици се обезбедуваат повеќе начини за покажување на потенцијалот, соодветни јазични и пристапни приспособувања и реални можности за учење. Времетраењето на набљудувањето се определува според потребите и расположливите докази, без автоматско одложување на стручната проценка поради припадност на определена група. Приспособувањата се документираат и се зема предвид нивното влијание врз толкувањето на резултатите и валидноста на проценката.

Кај сомнение за двојна исклучителност, проценката ги разгледува нерамномерноста на способностите, разликите меѓу начините на изразување и влијанието на тешкотиите врз постигнувањата. Се комбинираат сознанија од ученикот, семејството, наставниците и соодветните стручни лица, ученички продукти и следење на учењето со поддршка. Вкупниот резултат се толкува во контекст на профилот и ограничувањата на инструментот. Претходна дијагноза, високи оценки, беспрекорно однесување или подеднакво високо постигнување во сите подрачја не се предуслов за разгледување на потенцијалот.

Кога постои основано сомнение дека тешкотијата или условите на проценување го прикриле потенцијалот, се определуваат соодветно дополнување на доказите и термин за повторно разгледување, со учество на ученикот и родителите/старателите. Посебните насоки во рамките на националниот протокол ги разработуваат пристапните постапки, приспособувањата и нивното влијание врз валидноста, интегрирањето на наодите и упатувањето (Прилог 1, документ 10). Наставната поддршка и усогласувањето на плановите се уредуваат во V.2 и V.5, а координацијата на вклучените тимови во VI.1.

IV.5. Резултати, документација, заштитни механизми и системски предуслови

Резултатот е документиран индивидуален профил и препорака за поддршка. Ученикот, соодветно на возраста и зрелоста, и родителите/старателите се информираат за текот, наодите и препораките, можат да дадат мислење и имаат пристап, во согласност со важечките прописи. На другите вклучени лица им се соопштуваат само информациите неопходни за поддршката.

Училиштето го документира текот на постапката, користените извори, интегрираниот стручен предлог, договорената поддршка и напредувањето. Овие сознанија се поврзуваат со постојното педагошко евидентирање и со развојното портфолио, според определбите од VI.3. Континуитетот на релевантните информации и поддршката при премините се обезбедува во согласност со поглавјето VII и прописите за заштита на личните податоци.

Заштитните механизми опфаќаат информирање; согласност за специјализирано тестирање и размена на податоци кога е правно потребна; учество на ученикот; второ стручно мислење, приговор или преиспитување; ограничен пристап до податоците; забрана за дискриминација и етикетирање; периодично разгледување на заклучоците и проверка на правичноста. Несогласувањето на родителот/старателот или одбивањето на ученикот се евидентираат и се разгледуваат со почитување на правата и најдобриот интерес, без автоматски прекин на основната училишна поддршка.

По донесувањето на Концепцијата се подготвува национален протокол за препознавање и идентификација, со придружни инструменти, насоки и обрасци. Тој ги разработува влезните патишта, потребните извори на докази, роковите, стручниот заклучок и неговото потпишување,

повторното разгледување и постапувањето при различни наоди, несогласување или недостиг на стручен капацитет. Задолжителните правни прашања се уредуваат со соодветен акт.

Единствениот преглед во Прилог 1 ги определува потребните документи и нивната поврзаност со поглавјата. За ова подрачје особено се релевантни документите 2–10, 12, 17–19 и 22: протоколот, алатките за набљудување и номинација, критериумите и инструментите, индивидуалниот профил, второто стручно мислење, насоките за двојна исклучителност, планирањето, документацијата и следењето.

Бирото за развој на образованието, во рамките на своите надлежности и во соработка со Министерството за образование и наука, високообразовните и научните установи и релевантните професионални здруженија, ја обезбедува стручната основа за развивање и унапредување на овие документи. Начинот на организација на надворешната стручна проценка, критериумите за овластување и системот за обезбедување квалитет дополнително се уредуваат со соодветни акти.

За обезбедување стручност, еднаква достапност и споредливост на постапките се воспоставува национален стручен капацитет за психолошка и психометриска поддршка на идентификацијата. Оваа функција може да се организира во рамките на овластена високообразовна или научна установа, стручен институт или друг со закон определен субјект. Таа опфаќа избор и стручна процена на инструментите, обезбедување лиценци, превод и културно-јазична адаптација, пилотирање и национална стандардизација, изработка на норми и прирачници, обука и супервизија на психолозите, безбедно чување и контролирана дистрибуција, второ стручно мислење и периодична проверка на валидноста, правичноста и можната пристрасност. Пред воспоставувањето, Министерството за образование и наука, во соработка со Бирото, високообразовните и научните установи и професионалните здруженија, подготвува анализа на изводливоста и предлог-модел за организација, финансирање и обезбедување квалитет.

Развивањето и стандардизацијата на инструментите се системска функција. Проценката на конкретен ученик се организира според утврдената потреба и професионалниот капацитет, преку училишните стручни соработници и со надворешна соработка кога е потребно. Воспоставувањето на националниот капацитет не подразбира задолжително упатување на секој ученик во централизирана постапка.

V. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА СО ТАЛЕНТИРАНИТЕ И НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ

V.1. Цел и поставеност на мерките и активностите

Мерките и активностите за воспитно-образовна работа, предвидени со Законот за основното образование, се насочени кон развивање на потенцијалите, интересите, креативноста и добросостојбата на ученикот. Тие ги поврзуваат сознанијата од препознавањето и идентификацијата со планирањето и реализацијата на соодветна поддршка.[16]

Мерките и активностите се определуваат според расположливите педагошки сознанија и индивидуалниот профил кога е изработен, подрачјето и развиеноста на потенцијалот, интересите, начинот и темпото на учење и социо-емоционалните потреби. Се земаат предвид веќе развиените компетенции и претходните можности за учење, за поддршката да одговара и на учениците со видливи постигнувања и на оние со сè уште недоволно развиен потенцијал. Формите се избираат и комбинираат во согласност со развојните цели, напредувањето и реакцијата на ученикот.

Редовната настава е постојаната основа на поддршката, во природна и инклузивна средина на одделението. Според потребите на ученикот, уште од почетокот, таа може да се комбинира со училишни програми, проекти, менторство и надворешни стручни и специјализирани можности. Нивното вклучување не бара претходно исцрпување на сите форми на работа во редовната настава. Забрзаното напредување се разгледува како посебна можност кога е стручно оправдано и нормативно овозможено.

Меѓусебно поврзаните форми на поддршка се приспособуваат врз основа на континуираното следење на ученикот и на ефектите од применетите мерки.[17]

[16] Собрание на Република Северна Македонија. (2019). *Закон за основното образование*. „Службен весник на РСМ“, бр. 161/2019, со последователните измени и дополнувања. Член 34.

[17] Zavod Republike Slovenije za šolstvo. (2025). *Koncept prepoznavanja nadarjenih otrok, učencev in dijakov ter vzgojno-izobraževalnega dela z njimi* [Словенечко интернет-издание од 2025 година]. Ministarstvo znanosti i obrazovanja Republike Hrvatske. (2022). *Smjernice za rad s darovitom djecom i učenicima*. Министарство просвете Републике Србије. (2023). *Стручно упутство за препознавање, подршку и праћење образовања и васпитања ученика/ца са изузетним/посебним способностима*.

Графички приказ 2. Поврзани форми на воспитно-образовна поддршка



V.2. Мерки во редовната настава

Редовната настава е основното место за работа со талентираните и надарените ученици. Наставникот ја приспособува наставата во согласност со предзнаењата, интересите и можностите на ученикот, без трајно да го издвојува од врсничката група и без поддршката да ја сведе на задавање поголем број исти задачи.

Во одделенската настава, континуираното познавање на ученикот овозможува рано препознавање и усогласено планирање на поддршката. При вклучување повеќе наставници и при премин во предметна настава, нивната соработка обезбедува размена на релевантните педагошки сознанија и континуитет на приспособувањата.

Мерките во редовната настава опфаќаат:

- диференцијација и индивидуализација на содржините, задачите, методите, темпото и очекуваните продукти;
- збогатување и продлабочување на учењето преку пошироки и посложени содржини, меѓупредметно поврзување и примена на знаењата во нови ситуации;
- задачи од повисоко когнитивно ниво, отворени проблеми, истражување, аргументирање, експериментирање и творечко изразување;
- флексибилно темпо, намалување на непотребното повторување на веќе совладани содржини и насочување на ослободеното време кон збогатување, продлабочување и посложени задачи;

- можност за избор на тема, начин на работа, извор, продукт или начин на презентирање;
- самостојна, проектна, проблемска и истражувачка работа;
- повремено флексибилно групирање на ученици со сродни интереси или потреби и соработничко учење со соодветен предизвик за секој ученик;
- формативна повратна информација, самопроценка и учество на ученикот во поставувањето цели.

Збогатувањето претставува квалитативно проширување на можностите за учење, а продлабочувањето овозможува посложено разбирање, поврзување и самостојна примена во подрачјето на интерес. Наставникот ги вградува приспособувањата во редовното планирање, поврзувајќи ги почетните сознанија за ученикот со развојните цели, наставните содржини, методите, темпото и очекуваните резултати. Однапред определува преку кои докази ќе го согледа напредокот и кога ќе ја преиспита мерката. Преку стручните активи и со поддршка на педагогот се усогласуваат приспособувањата меѓу предметите и низ образовните периоди, со можности за меѓупредметно поврзување. Избраниот предизвик треба да го поттикнува развојот без непотребно преоптоварување.

Намалувањето на повторувањето се заснова на педагошка проверка на совладаноста на очекуваните резултати, во рамките на целите и стандардите на наставната програма. Ова приспособување на работата во редовната настава се разграничува од формалното забрзано напредување уредено во дел V.6.

Воспитно-образовната поддршка е насочена и кон намерно и континуирано развивање на креативноста, внатрешната мотивација, саморегулацијата и метакогнитивните стратегии, во наставата, воннаставните активности и менторската работа. Преку отворени задачи, проблемско и истражувачко учење и можности за избор, ученикот се поттикнува да создава оригинални решенија и да го применува наученото во нови ситуации. Наставникот го насочува во поставувањето цели, планирањето на работата, изборот на стратегии и самопроценувањето на напредокот. Се создава средина во која испробувањето нови пристапи и учењето од грешките се прифатен дел од учењето. Се препознаваат трудот и индивидуалниот напредок, без прекумерно потпирање на награди или постојано споредување со другите ученици.

Оценувањето се заснова на важечките наставни програми, стандарди и прописи. Работата на посложени задачи, истражувања и продукти се користи за формативна повратна информација и за следење на индивидуалниот напредок. На ученикот не му се поставуваат неоправдано повисоки барања за истата оценка само затоа што покажува висок потенцијал; критериумите и целта на дополнителните предизвици се однапред јасни.

Кај двојно исклучителните ученици се применува двојна диференцијација: предизвикувачки содржини за развивање на силните страни и истовремени приспособувања за пристапност и учење. Според потребите, се обезбедуваат различни начини на изразување, структурирани упатства, поддршка за организација, соодветно време и асистивна технологија. Приспособувањето го зачувува предизвикот во подрачјето на потенцијалот и овозможува знаењето да се покаже без непотребно влијание на тешкотијата. Развивањето на способностите не се одложува до надминување на тешкотиите. Конкретните примери се разработуваат во насоките од Прилог 1, документи 10 и 11.

Овие мерки може да започнат уште во фазата на препознавање и не се условени со завршена формална идентификација. Наставникот го следи ефектот, зачувува избрани ученички продукти и прибира кратки и релевантни записи за напредувањето. Сознанијата се користат и за понатамошно планирање на работата и, кога е потребно, како дел од доказите во постапката на идентификација.

V.3. Проширени можности во училиштето и надвор од него

Училиштето обезбедува поширок избор на активности преку кои учениците можат да ги истражуваат интересите, да ги развиваат специфичните способности и да создаваат продукти со

повисок степен на сложеност. Според потребите на учениците и расположливите ресурси, може да се организираат додатна настава, клубови и секции, предметни и меѓупредметни проекти, истражувачки групи, проектни денови, творечки работилници, дебати, изложби, настапи, смотри, ученички конференции, кампови, летни школи и јавни презентации.

Додатната настава се планира како постојна законски уредена форма за ученици со значителни резултати по одделни предмети, во согласност со член 32 од Законот за основното образование. Наставникот ја нуди, а ученикот одлучува дали ќе ја посетува. Таа се поврзува со другите мерки според индивидуалните потреби.

За активностите се определуваат целта и очекуваните резултати, носителот или менторот, времетраењето, ресурсите и начинот на формативно следење. Нивните ефекти се разгледуваат во однос на индивидуалниот профил и развојните цели, а сознанијата служат за приспособување на наставата и ревизија на поддршката, за активностите да не претставуваат само дополнителен обем на обврски.

Кога училиштето нема соодветна експертиза или услови, воспоставува соработка со друго училиште, високообразовна или научна установа, културна институција, спортска организација, акредитирано здружение, стопански субјект или друг релевантен партнер. Соработката може да опфати надворешно менторство, лабораториска и истражувачка работа, користење специјализирана опрема, учество во програми и проекти и поврзување со ученици со сродни интереси.

Училиштето ја задржува одговорноста за поддршката и кога активностите се реализираат надвор од него. За надворешниот партнер или ментор се проверуваат стручноста и соодветноста за работа со деца и се уредуваат целта, надзорот, безбедноста, одговорноста, доверливоста, користењето на ученичките продукти и интелектуалната сопственост, евентуалниот надомест, повратната информација и условите за прекин на ангажманот. Ученикот и родителот/старателот се информираат за активноста, одговорните лица и начинот на користење на податоците. Потребната согласност за учество, специјализирана проценка или размена на податоци се определува според конкретната цел и применливите прописи, во согласност со поглавјето VI.3.

Основната училишна поддршка се обезбедува без трошок за семејството. Посебно се планира пристапот за учениците од мали и подрачни училишта, од рурални и оддалечени средини и за оние чии семејства не можат да ги покријат трошоците за дополнителни можности. Може да се користат меѓуучилишна соработка, регионални програми, дигитално менторство, споделени ресурси и финансиска или логистичка поддршка. Училиштата со ограничен стручен капацитет се вклучуваат во овие форми на соработка, со јасно определени одговорни лица и без префрлање на организацијата врз семејството.

Во соработка меѓу надлежните институции, единиците на локалната самоуправа, училиштата, високообразовните и научните установи и другите релевантни партнери можат да се развиваат програми, истражувачки активности, летни школи, кампови и други форми на поддршка на национално или регионално ниво.

V.4. Натпревари, смотри и јавно претставување на постигнувањата

Натпреварите, смотрите и другите форми на јавно претставување им овозможуваат на учениците да работат кон предизвикувачки цели, да се сретнат со врсници со сродни интереси, да добијат стручна повратна информација и да ги претстават знаењата, вештините, истражувачките резултати, творбите и изведбите.

Во основното образование натпреварите по одделни предмети се организираат во согласност со посебниот правилник за начинот и поблиските критериуми за нивно организирање и изведување на општинско, регионално и државно ниво и преку здруженија на наставници што имаат соодветна

акредитација.[18] Училиштето ги информира учениците за достапните можности, обезбедува правична постапка за вклучување и организира стручна и менторска подготовка.

Учеството е доброволно и се заснова на интересот, подготвеноста и добросостојбата на ученикот. Натпреварувачкиот резултат е релевантен показател за постигнување во определено подрачје, но не е задолжителен услов за препознавање или поддршка, ниту единствен доказ за надареност и талентираност. Поддршка се обезбедува и за учениците чиј потенцијал се изразува преку долгорочна истражувачка работа, иновативни решенија, уметнички продукти, изведби, проекти или други форми што не се опфатени со натпреварите.

Подготовката не треба да се сведе на краткорочно вежбање за резултат. Таа се поврзува со продлабочено учење, развој на самостојноста, креативноста и истрајноста и со учење како ученикот да се справува и со успехот и со неуспехот. Кога е потребно, се обезбедуваат разумни приспособувања за двојно исклучителните ученици и за учениците со попреченост, во согласност со важечките правила.

Училиштето ги евидентира релевантните активности и постигнувања во портфолиото на ученикот и, кога е предвидено, во додатокот на свидетелството и во другата пропишана педагошка документација и ги зема предвид при планирањето и ревидирањето на поддршката. Доколку резултатот создава право на награда или друга поддршка, училиштето навремено го информира ученикот и родителот/старателот и им обезбедува потребна документациска поддршка.

V.5. Индивидуално планирање, менторство и социо-емоционална поддршка

Кога потребите на ученикот бараат подолготрајна, посложена или координирана работа, училишниот тим, со ученикот и родителот/старателот, изработува индивидуален план за воспитно-образовна поддршка. Тој е педагошки документ за поврзување на профилот со мерките и не го заменува индивидуалниот образовен план од системот на инклузивното образование. Кај двојната исклучителност се усогласуваат целите за развивање на потенцијалот со мерките за пристапност и поддршка на тешкотиите. Кога се применува ИОП, вклучените тимови ги усогласуваат активностите, одговорните лица и терминте за преглед, со почитување на правниот статус на секој документ. Заедничките податоци се користат преку поврзување на документацијата, без повторно прибирање исти наоди и без дуплирање идентични задачи за ученикот, семејството и наставниците.

Планот содржи почетни педагошки согледувања или резиме на индивидуалниот профил; подрачје на потенцијалот; интереси и потреби; развојни и образовни цели; наставни приспособувања и други активности; менторска и советодавна поддршка; носители, ресурси и временска рамка; показатели и начини на формативно следење; и период за ревизија. Неговиот обем е пропорционален: кратка форма за едноставни мерки и подетален план за долгорочна работа со повеќе носители. Наставниците ги вградуваат договорените мерки во своето планирање и работа, а училишниот тим врз основа на доказите за напредокот ја координира ревизијата на целите и поддршката.

Училишниот ментор може да биде наставник или стручен соработник со соодветни компетенции и познавање на подрачјето. Тој му помага на ученикот да постави развојни цели, договара задачи и проекти, обезбедува повратна информација и ја координира работата со другите наставници и со училишниот тим. Кога потребното ниво на стручност не е достапно во училиштето, се вклучува

[18] Министерство за образование и наука. (2020). *Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование*. Бр. 18-6753/1 од 6.7.2020 година, со измените и дополнувањата бр. 18-3228/1 од 22.2.2021 и бр. 12-3710/1 од 29.3.2024 година. Министерство за образование и наука. (2021). *Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за добивање на акредитација на здруженијата на наставници за организирање на натпревари за учениците во основните училишта*. „Службен весник на РСМ“, бр. 41/2021.

надворешен ментор од универзитет, институт, научна, културна, уметничка, спортска или друга релевантна институција.

Менторството е насочено стручно и развојно водење во определено подрачје, со договорени цели, динамика и начин на следење. Училишниот тим предлага ментор според потребите на ученикот и соодветните компетенции, а директорот го организира ангажманот во согласност со важечките прописи и договорената соработка. Може да се применува индивидуално, во мала група или преку соодветна соработка на далечина. Во насоките за менторство се разработуваат изборот, оспособувањето, надзорот и одговорностите, како и модел на меѓуучилишна, регионална и национална менторска мрежа, со можности за работа на далечина. Улогата на ментор во поддршката на ученикот се разликува од законски уреденото звање наставник-ментор.

Училиштето ја поддржува добросостојбата преку сигурна средина, прифаќање на различностите, соодветен предизвик и развивање на социјалните и емоционалните вештини. Високиот потенцијал сам по себе не подразбира социо-емоционални тешкотии. Кога се забележуваат неадаптивен перфекционизам, анксиозност, намалена мотивација, искуство на неприфатеност или тешкотии во врсничките односи, се обезбедува насочена советодавна поддршка според потребите.

Психологот, педагогот и другите стручни соработници придонесуваат во советодавната работа во рамките на своите компетенции и во соработка со наставникот и менторот. Таа може да опфаќа развојни цели, саморегулација, интереси, справување со неуспех и избор на понатамошни можности. Кај двојната исклучителност се поддржуваат разбирањето на сопствените силни страни и потреби, реалистичната самодоверба и изразувањето на сопствените потреби. Кога ученикот го прикрива потенцијалот за да биде прифатен од врсниците, наставникот и психологот договараат поддршка на припадноста и безбедното изразување на способностите. За потреби што ги надминуваат училишните капацитети се организира соработка или упатување кон соодветна стручна служба, со информирање и учество на семејството.

Родителите/старателите добиваат информации и можности за советување, работилници и размена на искуства, вклучително преку форми на „школа за родители“ приспособени на потребите на училиштето. Се јакне нивната поддршка за интересите, самостојноста и добросостојбата на ученикот, без создавање неоправдан притисок за постигнувања. Воспоставените механизми за превенција и заштита од врсничко насилство се применуваат во сите форми на училишна и надворешна работа.

V.6. Забрзано напредување

Забрзаното напредување е посебна можност за ученик кој значително побрзо ги совладува предвидените содржини и за кого збогатувањето и продлабочувањето во вообичаеното темпо не обезбедуваат доволен развоен предизвик. Се применува кога е во најдобар интерес на ученикот, кога е стручно оправдано и кога се исполнети условите и постапката утврдени со членот 145 од Законот за основното образование и другите важечки прописи. При проценувањето се земаат предвид знаењата и способностите, мотивацијата, мислењето на ученикот и родителите/старателите, условите за продолжена поддршка и можноста за асинхрон когнитивен, емоционален и социјален развој. Двојната исклучителност или нерамномерниот развој сами по себе не се причина за исклучување од разгледување на мерката; се проценуваат индивидуалната подготвеност и приспособувањата потребни за нејзина успешна примена.

Како можности може да се разгледуваат побрзо напредување во определен предмет, предвремен упис или преминување во повисоко одделение. Нивното наведување не воспоставува право, ниту непосредна можност за примена: секоја форма може да се користи само ако е дозволена и уредена со важечките прописи. За премин во наредното одделение се применува членот 145: предлог од одделенскиот наставник, односно раководител, согласност на родителот/старателот, одлука на наставничкиот совет и другите законски услови, со обезбедена менторска и консултативна помош.

Одлуката се поврзува со план за подготовка, следење и поддршка во новата средина. Во почетниот период се обезбедуваат засилено следење на приспособувањето, менторска и консултативна помош. Училишниот тим периодично ги разгледува академските, социјалните и емоционалните ефекти и предлага продолжување, приспособување или преиспитување на мерката во согласност со важечките прописи, без приспособувањето на поддршката да се толкува како личен неуспех на ученикот. При доуредувањето на системот, потребно е посебно стручно упатство за да ги определи критериумите, постапката, потребната документација и одговорностите за различните форми на забрзано напредување.

МОН и БРО ги разгледуваат нормативните и стручните предуслови за формите што не се доволно уредени и, кога е потребно, предлагаат соодветно доуредување пред нивната примена.

За учениците со исклучително изразен потенцијал, чии знаења, способности и постигнувања значително го надминуваат нивото предвидено за возраста и одделението, се планира индивидуализирана развојна патека. Таа може да вклучува продлабочена и проширена програма, менторство, учество во активности на повисоко образовно ниво, соработка со надворешни стручни лица и, кога се исполнети законските и стручните услови, забрзано напредување.

V.7. Стимулирање, награди и стипендии

Признавањето на постигнувањата и материјалната поддршка претставуваат дополнителни мерки за стимулирање, но не ја заменуваат континуираната воспитно-образовна поддршка. Нивната цел е да го поттикнат натамошниот развој, да ги намалат финансиските пречки и да овозможат пристап до програми, опрема, литература, патувања, натпревари и други развојни можности.

Правата поврзани со наградувањето се остваруваат во согласност со важечката законска и подзаконска регулатива и пропишаните постапки. Училиштето ги применува предвидените пофалби, награди, дипломи и пофалници. Придонесот на наставниците и менторите се препознава во рамките на важечките механизми; паричните награди се остваруваат според законските категории, критериуми и постапки. Училиштето, во рамките на своите надлежности, го информира ученикот и родителот/старателот, ја потврдува документацијата што ја издава и обезбедува потребна поддршка при пријавувањето.[19]

Стипендирањето се остварува во согласност со Законот за ученичкиот стандард, годишните програми, конкурсите и другите важечки прописи што ги определуваат категориите корисници, условите, критериумите и постапката. Училиштето, училишниот тим и надлежните институции ги информираат и ги поврзуваат учениците со достапните национални, локални, донаторски и други легитимни програми за финансиска поддршка, особено при преминот кон средното образование.[20]

При предлагањето и доделувањето поддршка се обезбедуваат транспарентни критериуми и еднаков пристап. Покрај постигнувањето, треба да се земат предвид реалните трошоци за развивање на потенцијалот и ризикот ученикот да остане без пристап поради социјални, економски или географски причини.

Можностите за дополнителна материјална поддршка се разгледуваат врз основа на утврдените потреби, расположливите средства и надлежностите на институциите. Во планот за спроведување,

---

[19] Собрание на Република Северна Македонија. (2019). *Закон за основното образование*. „Службен весник на РСМ“, бр. 161/2019, со последователните измени и дополнувања. Членовите 44 и 75. Министерство за образование и наука. (2025). *Правилник за начинот на доделување на еднократна награда на талентиран и надарен ученик од основно образование, кој учествувал на меѓународна олимпијада или натпревар организирани за ученици од средно образование и освоил прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународни олимпијади или натпревари, како и учествувал и освоил прво место на натпревар на државно ниво за ученици од средно образование*. Бр. 18-9669/1 од 7.7.2025 година.

[20] Собрание на Република Македонија. (2005). *Закон за ученичкиот стандард*. „Службен весник на РМ“, бр. 52/2005, со последователните измени и дополнувања. Се применуваат и соодветните годишни програми и конкурси за остварување права од ученичкиот стандард.

МОН со БРО и другите надлежни институции ја проценува изводливоста на целна помош, вклучително министипендии или ваучери за книги, материјали, курсеви и програми. Примената се условува со утврдени носител, критериуми, финансирање и соодветна нормативна основа.

V.8. Организација, улоги и следење на поддршката

Училиштето ги вградува мерките и активностите во развојната и годишната програма за работа и обезбедува услови за нивна реализација. Директорот обезбедува организациски услови, време за тимска и менторска работа, распределба на одговорностите, потребни ресурси и партнерства со надворешни субјекти, во рамките на важечките работни обврски и обезбедените ресурси. Во планот за спроведување се проценуваат потребното работно време, кадровската поддршка и финансиските импликации; се разгледуваат нормирањето, вреднувањето и евентуалниот надомест за дополнителниот ангажман. Потребното уредување се обезбедува пред воведување нови обврски. Училиштето и основачот, во рамките на своите надлежности, ги планираат и обезбедуваат потребните материјали, простор и логистика; трошоците за основната училишна поддршка не се пренесуваат врз наставникот или семејството.

Училишниот тим ја координира договорената комбинација на мерки, го определува начинот на следење и го разгледува ефектот од поддршката. Наставниците, менторите и стручните соработници ги реализираат задачите во рамките на своите професионални компетенции и одговорностите утврдени во поглавјето VI.1.

Ученикот учествува во поставувањето цели, изборот на активности и проценката на сопствениот напредок, во согласност со возраста и зрелоста. Родителот/старателот се информира, учествува во планирањето и дава повратна информација за интересите, оптоварувањето и ефектите од поддршката, без врз семејството да се пренесува одговорноста за обезбедување на училишните мерки.

Следењето ја проверува поврзаноста меѓу почетните сознанија или индивидуалниот профил, развојните цели, применетите приспособувања и постигнатите резултати. Наставникот, менторот и стручните соработници ја користат формативната повратна информација за продолжување, менување, проширување или постепено намалување на мерките. Подрачјата и показателите за следење на ученикот, вклучително кај двојната исклучителност, се определени во поглавјето VIII.1.

Континуитетот на мерките, преносот на релевантните сознанија и преземањето на одговорностите при премините меѓу циклуси, училишта и степени на образование се обезбедуваат според определбите од поглавјето VII.

V.9. Стручни документи и услови за спроведување

За примена на мерките се подготвуваат насоки и примери за воспитно-образовна работа, обрасци за пропорционално индивидуално планирање, насоки за советодавна поддршка, менторство и надворешна соработка, како и стручно упатство за забрзано напредување. Тие се поврзуваат со документите за тимска работа, професионален развој, податоци и следење, наведени во Прилог 1, особено документите 11–22 и 25. Материјалите треба да содржат разработени и пополнети примери по подрачја, развојни периоди и различни училишни услови: проверка на претходната совладаност, избор на приспособување, критериуми за формативно оценување и преиспитување на мерките. Во нив се покажува врската меѓу профилот, целта, активноста и очекуваниот напредок.

Во планот за спроведување се определуваат носителите, роковите, потребните финансиски, кадровски и материјални ресурси, начинот на пилотирање и следењето на примената. Финансиската проценка се изработува по фази, со приоритети за училиштата и учениците со ограничени ресурси. Прашањата што создаваат нови права, обврски, овластувања или финансиски импликации се доуредуваат со соодветни законски и подзаконски акти пред нивната редовна примена.

VI. УПРАВУВАЊЕ, УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ

Грижата за развојот на талентираните и надарените ученици е заедничка одговорност на образовниот систем, училиштето, семејството и поширокатa средина. Со Концепцијата се воспоставува поврзан систем во кој секој учесник постапува во рамките на своите надлежности и професионални компетенции, а ученикот, неговиот развој и добросостојба се во средиштето на процесот.

Министерството за образование и наука ги обезбедува нормативните, програмските и финансиските услови за спроведување на Концепцијата и го координира нејзиното поврзување со другите политики во основното образование. Бирото за развој на образованието, во согласност со своите надлежности, ја обезбедува стручната и развојната основа преку подготовка и унапредување на методологии, насоки, инструменти и стручни материјали, професионален развој и советодавна поддршка на училиштата, како и следење на примената на Концепцијата.[21]

Основачите на училиштата придонесуваат за обезбедување просторни, организациски, материјални и технички услови и за поврзување на училиштата со ресурсите во локалната средина. Во рамките на своите можности, тие поддржуваат еднаков пристап до активности, менторство, натпревари и други развојни можности, особено за учениците од средини со ограничени ресурси.

Училиштето е непосреден носител на препознавањето, развивањето и следењето на потенцијалот, планирањето и реализацијата на поддршката и координацијата на идентификацијата. Кога е потребна надворешна стручна соработка, училиштето ја образложува целта и ги доставува само неопходните информации, во согласност со правилата за заштита на податоците. Поддршката се организира во училиштето кога е изводливо, а по потреба и со упатување. Надлежната или овластената институција обезбедува релевантен стручен наод и препораки за воспитно-образовната работа, со наведени ограничувања. Училишниот тим ги разгледува со наставникот, ученикот и родителите/старателите, ги поврзува со договорените мерки и организира следење на нивната примена. Надворешното вклучување ја дополнува стручната работа, а училиштето ја задржува одговорноста за секојдневната поддршка.

Процесите се вградуваат во развојната и годишната програма за работа, во планирањето на наставата, во работата на стручните органи и тела и во постојните механизми за самоевалуација и развој на училиштето. На тој начин не се воспоставува паралелен систем, туку се обезбедува усогласено дејствување на постојните училишни и системски структури.

VI.1. Училиштен тим и координатор за талентирани и надарени ученици

Во училиштето се воспоставува училиштен тим за талентирани и надарени ученици, кој има координативна и стручна улога. Тимот ги поврзува работењето на наставниците, стручните соработници и раководството, ги интегрира расположливите сознанија, предлага воспитно-образовна поддршка и обезбедува континуитет меѓу препознавањето, идентификацијата, планирањето, реализацијата и следењето. Тој не ги презема професионалните надлежности на членовите, ниту овластувањата на органите што донесуваат одлуки во согласност со закон.

Училиштето ги определува составот, координаторот и мандатот на тимот на начин утврден со закон, подзаконски акт или со друг соодветен акт донесен за примена на Концепцијата. Тимот има мало постојано координативно јадро од наставници и стручни соработници. Во разгледувањето на конкретен ученик се вклучуваат лицата што непосредно работат со него и стручните профили потребни според возраста, подрачјето и потребите. По потреба се вклучуваат ментор и надворешни

[21] Собрание на Република Македонија. (2006). *Закон за Биротo за развој на образованието*. „Службен весник на РМ“, бр. 37/2006, со последователните измени и дополнувања. Собрание на Република Северна Македонија. (2019). *Закон за основното образование*. „Службен весник на РСМ“, бр. 161/2019, со последователните измени и дополнувања.

стручни лица, со уредена улога, доверливост и постапување при можен конфликт на интереси. Соработката со постојните училишни тимови спречува удвојување на задачите и документацијата.

Директорот, во консултација со членовите на тимот, определува координатор според компетенциите, искуството, кадровскиот состав и организациските услови во училиштето. Координаторот ги организира состаноците, ја поддржува размената на неопходните информации, го следи извршувањето на договорените задачи и го обезбедува поврзувањето со ученикот, родителите/старателите, менторите и надворешните институции.

Кога за ученикот се вклучени и тимови за инклузивна поддршка, координаторот, во договор со нив, обезбедува јасно определено лице за меѓусебна комуникација и за поврзување со семејството. Вклучените лица заеднички ги разгледуваат целите, распределбата на задачите и ефектите од поддршката, секој во рамките на своите надлежности. Оваа координација се вградува во постојната тимска работа, без формирање дополнителен тим за истиот ученик.

Тимот:

- ги разгледува податоците од препознавањето, развивањето и следењето на потенцијалот;
- го координира прибирањето дополнителни стручни наоди кога е потребно;
- предлага и усогласува мерки и активности во согласност со индивидуалниот профил на ученикот;
- предлага носители и ментор или друго одговорно лице за конкретната поддршка;
- го разгледува индивидуалниот план за поддршка и неговото спроведување;
- ја следи достапноста, оптоварувањето, напредувањето и добросостојбата на ученикот;
- предлага приспособување на поддршката и, кога е потребно, дополнителна или надворешна стручна процена;
- обезбедува континуитет при премин во друг образовен период, училиште или степен на образование.

Професионалните одговорности се разграничуваат според природата на задачата. Организациските, правните и финансиските одлуки ги донесуваат надлежните органи и лица, а секој стручен профил одговара за проценката и работата што ја спроведува.

Наставникот систематски набљудува, користи соодветни педагошки алатки, обезбедува диференцирани можности за учење, прибира докази и го следи ефектот од поддршката. Педагогот го анализира воспитно-образовниот контекст и придонесува во педагошката проценка на потребите на ученикот. Тој ја координира педагошката компонента на планирањето и им помага на наставниците и стручните активи во изборот на дидактички приспособувања, поврзувањето на наставните и воннаставните активности, формативното оценување и преиспитувањето на мерките. Координацијата на училишниот тим се определува според условите од ова поглавје и не е автоматски врзана за еден стручен профил.

Психологот ја планира, спроведува и толкува психолошката проценка, користи соодветни и дозволени инструменти, се грижи за доверливоста на психолошките протоколи и обезбедува советодавна поддршка. Кога е потребно, предлага супервизија, второ стручно мислење или надворешно упатување. Специјалниот едукатор и рехабилитатор и другите стручни соработници се вклучуваат според потребите на ученикот, особено за пристапноста и усогласувањето на поддршката кај двојната исклучителност.

Директорот обезбедува организација, законито постапување, услови за заштита на податоците, време во работните обврски, ресурси, професионален развој и партнерства. Тој е одговорен за организациското функционирање и отчетноста на училиштето, без да ги заменува стручните проценки на компетентните лица.

Ученикот, во согласност со возраста и зрелоста, има право да биде информиран, да даде мислење, да учествува во целите и активностите и да побара преиспитување. Родителите/старателите се извор на информации и партнери во планирањето, имаат пристап до наодите, во согласност со прописите и даваат

согласност само кога е правно потребна. Нивното несогласување се разгледува по утврдена постапка, без врз семејството да се пренесува одговорноста за училишната поддршка.

Со соодветните акти се уредуваат формалното определување на тимот, мандатот и одговорностите. Националниот протокол и придружните насоки ги разработуваат динамиката на работа, учеството на потребните стручни профили, одлучувањето, записникот, потпишувањето на интегрираниот стручен предлог, конфликтот на интереси и постапувањето при различни мислења или несогласување. Документацијата е кратка, функционална и поврзана со постојните евиденции (Прилог 1, документи 2, 9 и 17).

VI.2. Професионален развој и ресурси

Квалитетот на системот зависи од компетенциите на наставниците, стручните соработници, директорите, координаторите и менторите. Поради тоа, работата со талентираните и надарените ученици се вградува во постојниот систем на професионален развој, во согласност со законската рамка и стандардите за професионални компетенции на воспитно-образовниот кадар.[22]

При разработката на системот се прави преглед на постојните професионални компетенции за препознавање на индивидуалните потреби, планирање и реализација на наставата, поддршка на учењето, следењето, соработката и професионалното учење. Врз таа основа МОН и БРО, со релевантните стручни институции, предлагаат дополнувања на стандардите и актите каде што е потребно појасно да се опфатат работата со висок потенцијал и двојната исклучителност.

Професионалниот развој се насочува кон препознавање на различните начини на манифестирање на висок потенцијал; систематско набљудување и користење повеќе извори; диференцијација, индивидуализација, збогатување и продлабочување; проектно, проблемско и истражувачко учење; индивидуално планирање и менторство; социо-емоционална поддршка; партнерство со родителите; тимска работа и следење на ефектите. Содржините за двојна исклучителност опфаќаат заемно прикривање на способностите и тешкотиите, пристапни начини на проценување во рамките на професионалните компетенции, двојна диференцијација и усогласување на поддршката со инклузивните тимови.

За психолозите и другите лица што применуваат специјализирани инструменти се обезбедува дополнително оспособување, во согласност со професионалните стандарди и условите за користење на инструментите. За директорите и координаторите се обезбедуваат содржини за организација, законито управување со податоците, распределба на одговорностите и ресурсите, партнерства, тимска работа и отчетност.

Бирото за развој на образованието ги утврдува потребите и ја обезбедува стручната основа за континуиран професионален развој. Во согласност со Законот за Бирото за развој на образованието, програмите и понудувачите на обуките се избираат и акредитираат преку пропишаните постапки, а акредитираните програми се објавуваат во соодветниот каталог. Во оваа рамка се развиваат обуки за препознавање, идентификација во рамките на професионалните надлежности и воспитно-образовна работа со талентирани и надарени ученици.[23]

---

[22] Собрание на Република Северна Македонија. (2019). *Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта*. „Службен весник на РСМ“, бр. 161/2019, со последователните измени и дополнувања. Се применуваат и подзаконските акти за професионалните компетенции и професионалниот развој.

[23] Собрание на Република Македонија. (2006). *Закон за Бирото за развој на образованието*. „Службен весник на РМ“, бр. 37/2006, со последователните измени и дополнувања. Член 8, членовите 8-а–8-д и член 13. Биро за развој на образованието. (2025). *Правилник за избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставниците и стручните соработници) во основните и средните училишта во Република Северна Македонија*. Бр. 01-333/5 од 22.4.2025 година.

Професионалниот развој опфаќа основни и напредни содржини според улогата и претходните компетенции. Обуките се поврзуваат со практична примена, анализа на случаи, развивање задачи и материјали, советодавна и менторска поддршка и учење меѓу колеги. Се следи примената во училиштето, а не само присуството на обуката. Специјализираното оспособување за психолошки инструменти ги почитува квалификациите, лиценците и условите на инструментот.

Содржините за директорите се усогласуваат со системот на основна и напредна обука за директори и се разработуваат во соработка со Државниот испитен центар и другите надлежни институции. Се насочуваат кон педагошко раководење, инклузивна училишна култура, поддршка на тимот, обезбедување ресурси и следење на квалитетот на работата со талентираните и надарените ученици.[24]

Системското унапредување на поддршката подразбира содржините за препознавање, идентификација и воспитно-образовна работа со талентирани и надарени ученици соодветно да се застапуваат и во студиските програми за иницијално образование на наставниците и стручните соработници. Можноста за развивање регионални или универзитетски ресурсни центри се разгледува врз основа на анализа на потребите, надлежностите, стручните капацитети, одржливоста и финансирањето.

Училиштето ги користи сопствените човечки, организациски, материјални и дигитални ресурси и, кога тие не се доволни, воспоставува соработка со други училишта, високообразовни и научни установи, институции од областа на културата и спортот, акредитирани здруженија и други релевантни партнери. При распределбата на ресурсите се обезбедува правичен пристап, особено за учениците од рурални, социјално и економски неповолни и други помалку стимулирачки средини.

VI.3. Документација, евиденција и заштита на податоците

Документирањето е во функција на стручното планирање, следењето на развојот и обезбедувањето континуитет на поддршката. Се прибираат само податоци што се неопходни за целта, без создавање непотребна администрација и паралелни евиденции. Формалната педагошка документација и евиденција се водат во согласност со прописите со кои се уредува основното образование.

За ученикот за кој се обезбедува континуирана и планирана поддршка се развива развојно портфолио. Во него се поврзуваат избрани ученички продукти, информации за интересите и потенцијалите, релевантни согледувања на наставниците, стручните соработници и менторите, педагошко резиме на наодите потребни за поддршката, индивидуалниот план кога е изработен и податоци за применетите мерки и нивните ефекти. Оригиналните психолошки протоколи и лиценцираните тестови не се дел од портфолиото.

Развојното портфолио има педагошка и развојна функција. Тоа не е самостоен инструмент за идентификација и не претставува нова формална евиденција. Во почетната фаза се води во едноставна форма, а се проширува само кога сложеноста и времетраењето на поддршката го бараат тоа.

При премин во друго одделение, воспитно-образовен период, училиште или степен на образование, во најдобар интерес на ученикот и врз соодветна правна основа, се пренесуваат само релевантните

[24] Собрание на Република Македонија. (2015). *Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење*. „Службен весник на РМ“, бр. 10/2015, со последователните измени и дополнувања. Министерство за образование и наука. (2022). *Програма за напредна обука на директори*. „Службен весник на РСМ“, бр. 260/2022. Државен испитен центар. (2024). *Програма за работа за 2024 година*. Дел за основна и напредна обука на директори.

информации потребни за континуитет на поддршката, во согласност со прописите за педагошка документација, евиденција и заштита на личните податоци.[25]

Податоците од психолошките и другите стручни процени се доверливи и се користат само за целта за која се прибрани. Пристап имаат исклучиво овластени лица на кои податоците им се неопходни за професионалните задачи. Стручните протоколи и лиценцираните материјали се чуваат и користат во согласност со професионалните правила и условите на издавачот и не се користат за јавно означување, рангирање или споредување на учениците.

Документите за примена ги определуваат структурата на портфолиото, обрасците, одговорните лица, пристапот, роковите за чување, уништувањето или архивирањето и поврзувањето со постојната педагошка документација. Директорот обезбедува организациски и технички услови за законито постапување. Нова формална или дигитална евиденција се воведува само врз соодветна нормативна основа и со утврдени мерки за заштита. Доколку се воспостави збирна дигитална евиденција, таа содржи само минимален сет агрегирани податоци потребни за следење на опфатот, достапноста и правичноста, без доверливи психолошки наоди.

[25] Собрание на Република Северна Македонија. (2019). *Закон за основното образование*. „Службен весник на РСМ“, бр. 161/2019, со последователните измени и дополнувања. Собрание на Република Северна Македонија. (2020). *Закон за заштита на личните податоци*. „Службен весник на РСМ“, бр. 42/2020, со последователните измени и дополнувања. Се применуваат и прописите за педагошката документација и евиденција во основното образование.

VII. ТРАНЗИЦИЈА И КОНТИНУИТЕТ НА ПОДДРШКАТА

VII.1. Појдовна определба

Потребите на ученикот се менуваат во текот на школувањето, особено кога неговиот когнитивен, емоционален и социјален развој се одвиваат со различно темпо. Континуитетот на поддршката подразбира при секој образовен премин да се согледаат актуелните потреби и условите во новата средина.[26]

Преминот во друго одделение, воспитно-образовен циклус или училиште не треба да доведе до прекин на веќе воспоставената поддршка. Во периодите на транзиција се подготвува краток преглед на развојот, применетите мерки, постигнатиот напредок и препораките; се определуваат лицата што ја преземаат поддршката и таа се приспособува на новиот образовен контекст.

VII.2. Принципи на континуитетот

Континуирано следење – развојот и реакцијата на ученикот на поддршката се следат во текот на школувањето, а сознанијата се користат за нејзино приспособување.
Документирана поддршка – релевантните сознанија, договорените развојни цели и применетите форми на поддршка се евидентираат јасно, функционално и во обем потребен за продолжување на работата.
Периодично преиспитување – планот за поддршка се разгледува во определени периоди и задолжително при позначајна промена во образовниот пат или развојните потреби на ученикот.
Јасно преземање на одговорноста – при секој премин се определуваат лицата што ја продолжуваат координацијата, наставната поддршка и следењето.
Учество на ученикот и семејството – ученикот и родителите, односно старателите, навремено се информираат и, соодветно на нивната улога, учествуваат во планирањето на транзицијата.
Приспособливост и правичност – поддршката не се пренесува механички, туку се приспособува на новата средина и се обезбедува без оглед на социјалниот, културниот, јазичниот или друг статус на ученикот.

VII.3. Континуитет низ основното образование

При преминот меѓу воспитно-образовните циклуси, училишниот тим за талентирани и надарени ученици обезбедува поврзување на претходните и новите наставници и стручни соработници. Се разгледуваат развојот, интересите, начинот на учење, постигнатиот напредок, формите на поддршка што дале резултат и потребите што остануваат актуелни. Новите наставници ги користат овие сознанија за да ја продолжат и приспособат поддршката во редовната настава и во другите воспитно-образовни активности.

Особено внимание се посветува на преминот од одделенска кон предметна настава и на преминот во последниот воспитно-образовен циклус. Промената на бројот на наставници, повисоките барања и развојните промени во адолесценцијата можат да влијаат врз мотивацијата, добросостојбата и подготвеноста на ученикот да ги покажува своите способности. Затоа, следењето ги опфаќа и социо-емоционалните аспекти и врсничките односи, кога тие се релевантни за учењето и развојот.

VII.4. Премин кон средно образование

Подготовката за премин кон средното образование започнува навремено и се поврзува со професионалната ориентација, интересите, способностите и развојните цели на ученикот. Основното училиште му помага на ученикот и на семејството да ги согледаат соодветните образовни можности и да донесат информирана одлука, без предодредување или ограничување на изборот.

[26] Silverman, L. K. (1997). The construct of asynchronous development. *Peabody Journal of Education, 72*(3–4), 36–58. https://doi.org/10.1080/0161956X.1997.9681865

Во согласност со законските надлежности и правилата за заштита на личните податоци, училиштето обезбедува релевантните сознанија за досегашниот развој и поддршка да бидат достапни при планирањето на понатамошното образование. Преносот на информации се врши со знаење и учество на ученикот и родителите, односно старателите, во обем потребен за продолжување на поддршката. Постапката се разработува со насоките за континуитет од Прилог 1, документ 19, во согласност со важечката регулатива.

VII.5. Континуитет за учениците изложени на поголем ризик од непрепознавање

При транзициите се обезбедува дополнително внимание за учениците изложени на ризик од непрепознавање, опфатени во поглавјето IV.4. Промената на средината може да ја прекине воспоставената поддршка и повторно да го прикрие потенцијалот. Кај двојната исклучителност се пренесуваат релевантните препораки и за развивањето на способностите и за пристапноста, со јасно преземање на одговорностите во новата средина. Училиштето активно проверува дали договорените мерки продолжиле и дали одговараат на новите услови.

VII.6. Улоги и одговорности

Директорот обезбедува организациски услови за навремено преземање на поддршката. Училишниот тим ги поврзува лицата што ја предаваат и ја продолжуваат работата и го иницира преиспитувањето на мерките. Наставниците ги пренесуваат педагошките согледувања и ја приспособуваат наставата, а стручните соработници ја поддржуваат проценката на новите потреби и професионалната ориентација, во согласност со улогите од поглавјето VI.1.

Ученикот, соодветно на возраста и зрелоста, и родителите/старателите учествуваат во планирањето на преминот и даваат информации за интересите, потребите и добросостојбата. БРО обезбедува стручни насоки и советодавна поддршка за континуитетот.

VII.7. Следење на континуитетот

Училиштето, во рамките на самоевалуацијата, проверува дали поддршката продолжува при премините, дали одговорностите се преземени и дали мерките одговараат на новите потреби. Наодите се користат за унапредување на насоките, ресурсите и професионалниот развој, без дополнително обемно евидентирање.[27]

[27] Subotnik, R. F., Olszewski-Kubilius, P., & Worrell, F. C. (2011). Rethinking giftedness and gifted education: A proposed direction forward based on psychological science. *Psychological Science in the Public Interest, 12*(1), 3–54. https://doi.org/10.1177/1529100611418056

VIII. СЛЕДЕЊЕ, ВРЕДНУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Следењето, вреднувањето и известувањето се составен дел од примената на Концепцијата и служат за обезбедување квалитет, правичност, континуитет и унапредување на системот за поддршка на талентираните и надарените ученици. Нивната цел не е само евидентирање на активностите и постигнувањата, туку утврдување дали воспоставените решенија се применуваат, дали поддршката е достапна, соодветна и делотворна и кои промени се потребни на училишно и системско ниво. Наодите се враќаат во планирањето и претставуваат основа за приспособување на поддршката, ресурсите и системските решенија.

Следењето се остварува на три меѓусебно поврзани нивоа: развојот и напредувањето на ученикот, реализацијата на Концепцијата во училиштето и примената и ефектите на национално ниво. Индивидуалните сознанија ја насочуваат воспитно-образовната работа од поглавјата IV и V, а нивното соодветно обединување придонесува за училишното и системското следење.

Следењето се вградува во постојните процеси на планирање, самоевалуација, развојно планирање и стручно следење. Постојните податоци се користат за повеќе однапред утврдени и оправдани цели само кога тоа е соодветно на целта, дозволениот пристап и прописите за заштита на личните податоци. Не се воспоставува паралелен административен систем, а обемот и деталноста на податоците се пропорционални на целта на следењето.

VIII.1. Рамка и индикатори за следење

Примената на Концепцијата се следи преку ограничен и функционален сет квантитативни и квалитативни индикатори. Пред почетокот на целосната примена се утврдува почетната состојба, за да може напредокот да се согледува во текот на времето. Индикаторите ги опфаќаат условите и ресурсите, процесите, непосредните резултати и развојните ефекти и овозможуваат согледување на опфатот, квалитетот, достапноста и правичноста на поддршката.

На ниво на ученикот, според индивидуалните цели, подрачјето на потенцијалот и образовните потреби, се избираат соодветни показатели за напредувањето кон развојните цели, квалитетот и сложеноста на работата, самостојноста, креативноста, мотивацијата, примената на наученото, реакцијата на обезбедените предизвици и континуитетот на поддршката. Добросостојбата се следи кога е релевантна за учењето и развојот. Кај двојно исклучителните ученици заедно се разгледуваат напредокот во подрачјето на потенцијалот, намалувањето на бариерите, учеството и добросостојбата; подобрувањето во едно подрачје не го заменува следењето на другото. Оценките, наградите и натпреварувачките резултати се дел од доказите, но не се единствени показатели. Индивидуалните податоци се заштитуваат во согласност со нивната чувствителност, а во училишното и системското известување се користат агрегирани или анонимизирани податоци.

Следењето на училишно ниво ги опфаќа следните подрачја, од кои во националната рамка се определува ограничен основен сет индикатори:

- препознавањето, опфатот и правичниот пристап до поддршка, вклучително за учениците со прикриен потенцијал и двојна исклучителност;
- организацијата на тимската работа, достапноста на ресурсите и професионалното оспособување на кадарот;
- примената и приспособувањето на мерките во наставата, индивидуалното планирање и менторството;
- учеството и искуствата на учениците и родителите/старателите и континуитетот на поддршката при премин;
- напредувањето во однос на индивидуалните цели, согледаните тешкотии и потребите за унапредување.

На системско ниво се следат опфатот и регионалната распределба, разликите во примената меѓу училиштата, достапноста на стручни и материјални ресурси, применливоста на протоколите и инструментите, потребите за професионален развој и ефектите од системските мерки. Кога тоа е оправдано, податоците се расчленуваат според релевантни основи за да се согледа правичноста, но се применуваат мерки што оневозможуваат идентификација или повторна идентификација на ученикот, вклучително при комбинирање на податоци за мали групи или поединечни училишта.

БРО, во соработка со МОН, училиштата и релевантните стручни институции, развива национална рамка за следење и вреднување. Таа ги разграничува основниот училиштен сет и системските индикатори и ги определува дефинициите, изворите и квалитетот на податоците, начинот на пресметување, почетните и очекуваните вредности, периодичноста, одговорностите и формата на известување. Во најголема можна мера се користат постојните извори и процеси, а секое ново прибирање податоци се воведува само кога е неопходно и нормативно засновано. Применливоста и административното оптоварување се проверуваат при пилотирањето.

VIII.2. Следење и самоевалуација на училишно ниво

Училиштето ја следи примената на Концепцијата во рамките на редовното планирање и самоевалуација. Училишниот тим подготвува краток периодичен преглед на реализираните мерки, достапноста и ефектите од поддршката, функционирањето на тимската и менторската работа, потребите на учениците и вработените и утврдените предизвици. Прегледот се вградува во постојните училишни извештаи, не содржи непотребни лични податоци и не претставува паралелна педагошка евиденција.

При самоевалуацијата се согледува дали учениците со висок потенцијал се препознаваат навремено; дали поддршката е поврзана со нивниот индивидуален профил; дали редовната настава обезбедува соодветен предизвик; дали надворешните можности се достапни под правични услови и дали применетите мерки придонесуваат за напредување и добросостојба.

Посебно се анализира дали меѓу препознаените, идентификуваните и поддржаните ученици се застапени ученици од различни средини и дали се препознаваат учениците кај кои високите способности не се придружени со висок училиштен успех. Податоците не се користат за воспоставување квоти, туку за откривање можни пристрасности, пречки и нееднаквости во пристапот.

Сознанијата од следењето и самоевалуацијата се користат за унапредување на наставата, работата на училишниот тим, понудата на активности, професионалниот развој, партнерствата и распределбата на ресурсите. Потребните подобрувања се вградуваат во развојната и годишната програма за работа на училиштето.

Директорот обезбедува услови за прибирање и разгледување на податоците и за спроведување на договорените подобрувања. Координаторот и училишниот тим ги обединуваат релевантните сознанија, без пристап до податоци што не им се потребни за нивната функција. Стручните органи и тела ги разгледуваат наодите во рамките на своите надлежности.

VIII.3. Следење и вреднување на системско ниво

Бирото за развој на образованието, во рамките на своите надлежности, ја координира стручната и развојната компонента на системското следење, ги анализира наодите од примената, подготвува национален стручен извештај и предлага мерки за унапредување. Министерството за образование и наука го разгледува извештајот, ги користи сознанијата за планирање политики, нормативни и финансиски решенија и обезбедува координација со другите надлежни институции. Во

периодичната евалуација, кога е потребно за нејзината стручност и непристрасност, се вклучуваат високообразовни и научни установи, други надлежни институции и независни стручни лица.[28]

Системското следење се заснова на утврдените индикатори, податоците и сознанијата од училиштата, резултатите од самоевалуацијата, стручната и советодавната работа и периодичните истражувања и евалуации. Се користат податоци во обем неопходен за целта, со почитување на доверливоста, професионалната етика и прописите за заштита на личните податоци.[29]

Периодичната евалуација ја разгледува релевантноста и одржливоста на воспоставениот систем, како и условите што ја олеснуваат или ограничуваат примената. Во неа се вклучуваат искуствата на учениците, родителите, односно старателите, наставниците, стручните соработници, директорите и надворешните партнери. Динамиката и опфатот се утврдуваат со рамката за следење и вреднување, а после позначајни системски промени може да се спроведе и тематска евалуација.

Покрај бројот на препознаени и идентификувани ученици, евалуацијата ги разгледува квалитетот и разновидноста на поддршката, напредувањето и добросостојбата на учениците, функционалноста на постапките, правичноста на пристапот, професионалните и ресурсните потреби и разликите меѓу училиштата и средините. Квантитативните показатели се толкуваат заедно со квалитативни сознанија и не се користат за механичко рангирање на училиштата.

Резултатите се основа за унапредување на протоколите, инструментите, стручните насоки, програмите за професионален развој, механизмите за поддршка и системот на финансирање, како и за предлагање нормативни промени кога за тоа ќе се утврди потреба. За прифатените препораки се определуваат носителите, приоритетите и роковите за постапување, а нивната реализација се следи во наредниот циклус.

VIII.4. Национално известување и користење на резултатите

Врз основа на националното следење и периодичната евалуација се подготвуваат извештаи за примената на Концепцијата. Извештаите даваат преглед на почетната состојба и постигнатите промени, разликите во достапноста и квалитетот, утврдените предизвици, преземените мерки и препораките за натамошен развој. Во согласност со прописите се обезбедува јавно достапен преглед на клучните наоди.

Известувањето треба да биде пропорционално и насочено кон донесување одлуки. Во јавните извештаи се прикажуваат агрегирани податоци и наоди што не овозможуваат идентификација на ученик. Деталните стручни податоци се користат само од надлежните лица и институции и исклучиво за утврдената цел.

Информирањето на јавноста придонесува за разбирање на различните начини на манифестирање на потенцијалот и за достапноста на поддршката. Училишни и јавни презентации, творечки активности и средби со семејствата може да се планираат во годишните програми, со почитување на достоинството, приватноста и доброволното учество на учениците.

Спроведувањето се планира постепено. Во подготвителната фаза МОН и БРО ги определуваат почетниот пакет документи и условите за пилотирање според Прилог 1. Се обезбедуваат јасни одговорности, потребната нормативна основа, ресурси, обука и стручна поддршка за постапките што ќе се применуваат. Специјализирана проценка се спроведува со соодветни инструменти и

[28] Собрание на Република Македонија. (2006). *Закон за Бирото за развој на образованието*. „Службен весник на РМ“, бр. 37/2006, со последователните измени и дополнувања. Собрание на Република Северна Македонија. (2019). *Закон за основното образование*. „Службен весник на РСМ“, бр. 161/2019, со последователните измени и дополнувања.

[29] Собрание на Република Северна Македонија. (2020). *Закон за заштита на личните податоци*. „Службен весник на РСМ“, бр. 42/2020, со последователните измени и дополнувања. Се применуваат и прописите со кои се уредуваат педагошката документација и евиденција во основното образование.

квалификувани лица. Подготвеноста на училиштата се проверува според определените критериуми, а останатите ресурси и документи се развиваат во утврдените фази.

Пилотирањето ги опфаќа клучните протоколи, инструменти, обрасци и организациски решенија во училишта со различна големина, наставни јазици, географски и социјален контекст и стручен капацитет. Се проверуваат применливоста, правичноста, трошоците, административното оптоварување и ефектите врз поддршката на учениците. Наодите се користат за ревизија и за одлучување за постепено проширување.

МОН и БРО, во рамките на своите надлежности, ги определуваат носителите, динамиката и условите за премин меѓу фазите. Основната поддршка во наставата продолжува и за време на подготовката и пилотирањето. Подоцнежното проширување се поврзува со обезбедени капацитети, континуирана стручна поддршка и периодично вреднување.

ПРИЛОГ 1. ПРИДРУЖНИ ДОКУМЕНТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕПЦИЈАТА

Прегледот ги обединува документите, инструментите, обрасците и насоките што треба да се подготват или да се усогласат по донесувањето на Концепцијата. Тие ја разработуваат примената на поставениот систем и се подготвуваат во рамките на надлежностите на институциите. Прашањата што создаваат нови права, обврски, овластувања или финансиски обврски се уредуваат со соодветни акти пред нивната примена.

Броевите служат за упатување од поглавјата и не подразбираат 25 одделни акти. Содржините се обединуваат во седум поврзани пакети: спроведување и ресурси; препознавање и идентификација; воспитно-образовна работа; тимска организација, документација и континуитет; професионални компетенции и развој; следење и известување; заеднички стручни ресурси.

Фазите во прегледот ја означуваат динамиката на подготовка и примена: I – подготовка, нормативно доуредување и обезбедување ресурси; II – пилотирање, вреднување и ревизија; III – постепено проширување, континуирана поддршка и ажурирање. Конкретните рокови и носители се определуваат со планот за спроведување. Документ означен со повеќе фази се развива и се унапредува во текот на тие фази.

Почетниот пакет за пилотирање ги опфаќа применливите делови од националниот протокол и основните обрасци за набљудување, иницијатива, профил и преиспитување (документи 2–9); насоките за двојна исклучителност, наставна работа и планирање (10–12); правилата за тимска координација и податоци (17–18); и потребната обука и следење (21–23). Опфатот, верзиите, одговорните лица и обезбедените ресурси се утврдуваат со планот за спроведување (1). За секоја специјализирана постапка се проверуваат нејзините конкретни предуслови. Подготовката на целиот преглед не е услов за започнување на основната поддршка во редовната настава.

Лиценцираните тестови, тест-задачите и индивидуалните психолошки протоколи не се објавуваат како јавни прилози. Во јавните документи се наведуваат нивната намена, условите за примена и надлежните стручни лица; материјалите се обезбедуваат и чуваат според стручните и правните услови.

Табела 1. Единствен преглед на документите и прилозите

Документ	Поглавје Фаза
1 План за спроведување и ресурси Фази, рокови, резултати, кадровски и материјални потреби, трошоци и извори на финансирање. Преглед на потребното нормативно доуредување, подготвеноста на училиштата и условите за бесплатна основна училишна поддршка. Прилог со одговорности и динамика. Процена на работното време, нормирањето и вреднувањето на дополнителниот ангажман.	VIII.4 I–III
2 Национален протокол за препознавање и идентификација Развивање и следење, иницирање стручна проценка, извори на докази, интегрирање на наодите, одлучување и потпишување, рокови и повторно разгледување. Постапување при различни наоди, несогласување, одбивање или недостиг на стручен капацитет. Поврзаност со поддршката.	IV VI.1 I–II

Документ	Поглавје Фаза
3 Насоки и обрасци за набљудување во наставата Листи на показатели, записи од набљудување, скали за процена што ги пополнува наставникот, анализа на ученички продукти и задачи, разговор и следење на реакцијата на збогатено учење. Примери по подрачја и развојни периоди, со проверка на пристрасноста и пристапноста.	IV.3–4 I–II
4 Обрасци за номинација и иницијатива Кратки обрасци за иницијатива на наставник, родител или старател и самономинација на ученикот; информации од други релевантни извори. Потврда за прием, разгледување и образложена повратна информација. Номинацијата иницира разгледување на потребите и доказите.	IV.2–3 I–II
5 Матрица на критериуми и докази Подрачја на потенцијал и постигнувања, развојни периоди, релевантни извори и начини на нивно комбинирање. Прикриен потенцијал и потпостигање. Натпревари, оценки и поединечни тестови се разгледуваат како дел од поширокиот доказен материјал.	II IV.3–4 I–II
6 Рамка за избор и примена на инструментите Критериуми за избор на инструменти за интелектуални способности, креативност, мотивација, интереси и специфични подрачја според целта и профилот. Адаптација, проверка на валидноста и веродостојноста, соодветни норми и ограничувања; квалификации, обука, дозволи за користење и професионално чување. Опфат и услови за примена на стандардизирани тестови на знаење.	IV.3–5 VI.2 I–II
7 Анализа и модел за надворешна стручна поддршка Потреби и изводливост на национален психометриски капацитет и регионална или универзитетска поддршка. Разграничени системски функции за инструменти, обука и супервизија и соработка за конкретен ученик. Пристапност, целно упатување, повратни препораки за наставата, второ мислење, финансирање и одговорност.	IV.5 VI.1–2 I–III
8 Образец за индивидуален профил и стручен извештај Поврзување на педагошките и специјализираните сознанија, силните страни, интересите, потребите и ограничувањата на наодите. Препораки за цели, сложеност на задачите, темпо, методи и пристапност. Образложен стручен заклучок, професионални потписи и термин за повторно разгледување.	IV.3–5 VI.1 I–II
9 Постапка за второ мислење и преиспитување Барање, надлежно лице или институција, неопходни документи, рокови, образложен одговор и продолжување на основната училишна поддршка. Упатување при недостиг на капацитет или различни наоди. Приложени обрасци за барање, упатување и повратен стручен извештај.	IV.5 VI.1 I–II
10 Насоки за двојна исклучителност и пристапна проценка Заемно прикривање на потенцијалот и тешкотиите; пристапна проценка на нерамномерниот профил, повторно разгледување и упатување. Двојна диференцијација, примери за приспособувања и асистивна технологија. Координација на тимовите, поврзување со ИОП кога е применливо и заедничко следење на развојот и бариерите. Јазичните и срединските бариери се разработуваат одделно од двојната исклучителност. .	II.5 IV.4 V.2 и V.5 VI.1 VIII.1 I–II
11 Насоки и примери за воспитно-образовна работа Диференцијација, индивидуализација, збогатување, продлабочување, флексибилно темпо, проектна и истражувачка работа. Проверка на совладаноста пред намалување на повторувањето. Разработени примери за поврзување на профилот, развојните цели, планирањето, задачите, формативното оценување и ревизијата на мерките во различни подрачја и училишни услови.	V.1–4 I–II

Документ	Поглавје Фаза
12 Кратко планирање и индивидуален план за поддршка Краток образец за почетните мерки и проширен план според сложеноста и времетраењето. Цели, активности, одговорни лица, ресурси, показатели, ученичко учество и ревизија. Пополнети примери; усогласување со ИОП кога е применливо, со разграничен правен статус и користење заеднички податоци без дуплирање.	IV.5 V.5 VI.1 I–II
13 Насоки за советодавна и социо-емоционална поддршка Превентивни активности и насочено советување според потребите; добросостојба, мотивација, односи со врсниците и соработка со семејството. Разграничени стручни улоги, насоки за упатување и кратко следење на ефектите. Материјали за информирање и работилници со родители.	V.5 VI.1 I–II
14 Насоки за менторство и надворешна соработка Компетенции и избор на ментори, цели, план, надзор, одговорност и координација со наставата. Модел-договор со заштита на детето, доверливост, надомест, права врз создадените продукти и прекин. Пристап за мали и рурални училишта, вклучително соодветни форми на далечинска соработка. Модел на меѓуучилишна, регионална и национална менторска мрежа.	V.3–5 VI.1 I–II
15 Стручно упатство за забрзано напредување Услови и критериуми за дозволените форми, индивидуална проценка, учество на ученикот и семејството, одлука, подготовка и следење. Обрасци за план и периодичен преглед. Секоја форма се применува по обезбедување на потребните нормативни и стручни предуслови.	V.6 VII I–III
16 Насоки за натпревари и материјална поддршка Подготовка и учество на натпревари со внимание на правичноста, добросостојбата и достапноста. Информации за награди, стипендии и други можности според применливите програми и конкурси. Улоги на училиштето и партнерите и редовно ажурирање на информациите. Процена на изводливоста на министипендии и ваучери, без автоматско создавање право.	V.4 и V.7 I–III
17 Насоки за училишниот тим и координацијата Мало координативно јадро и приспособлив состав; избор на координатор, задачи и работно време. Поврзување со инклузивните тимови и одговорно лице за комуникација. Модел на акт, краток записник и правила за одлучување, стручни надлежности, доверливост, конфликт на интереси и несогласување.	IV.3 VI.1 I–II
18 Портфолио и правила за документација и податоци Минимална структура, еднократно внесување и поврзување со постојните евиденции. Обрасци за информирање и согласност кога е потребна; правна основа, пристап, размена, рокови за чување и архивирање. Одделно чување на психолошките протоколи и лиценцираните материјали. Агрегирано известување со заштита од повторно препознавање	IV.5 VI.3 VII–VIII I–II
19 Насоки и образец за континуитет на поддршката Премин меѓу одделенија, одделенска и предметна настава, училишта и во средно образование. Кратко педагошко резиме, учество на ученикот и семејството, одговорни лица, координација и продолжување на мерките. Пренос на неопходните информации според правилата за податоци.	VII VI.3 I–II
20 Преглед и доуредување на професионалните компетенции Матрица на постојните компетенции и потребните дополнувања за наставници, стручни соработници, директори, координатори и ментори. Врска со иницијалното образование и континуираниот развој. Предлози за дополнување на стандардите и релевантните акти каде што се утврдува потреба.	VI.2 I–III

Документ	Поглавје Фаза
21 Програми и материјали за професионален развој Основни и напредни модули, практични задачи, анализа на случаи и следење на примената, вклучително за прикриен потенцијал и двојна исклучителност. Програми за обучувачи, менторска поддршка и специјализирано оспособување за инструментите. Акредитација, соодветен каталог и ажурирање според применливата рамка.	VI.2 I–III
22 Национална рамка за следење и вреднување Ограничен основен сет училишни и системски индикатори; почетни вредности, извори, одговорности и периодичност. Кратки обрасци за напредувањето, ефектите, достапноста и правичноста; искуства на ученици, родители и кадар. Усогласување со постојните процеси на самоевалуација.	IV.5 V.9 VIII.1–4 I–III
23 Протокол за пилотирање и проценка на подготвеноста Избор на разновидни училишни средини. Проверка на почетниот пакет, одговорностите, правните услови, кадарот, инструментите, обуката, ресурсите и заштитата на податоците. Следење на применливоста, правичноста, трошоците и административното оптоварување; критериуми за ревизија и постепено проширување.	VIII.4 I–II
24 Методологија и обрасци за системско известување Училиштен периодичен преглед, национален стручен извештај и јавно резиме. Агрегирани податоци, анализа на ефектите и разликите, препораки и план за подобрување. Поврзаност со одлуките за ресурси, обуки, инструменти и нормативни измени.	VIII.2–4 I–III
25 Збирка ресурси и начин на нивно ажурирање Единствено место за одобрените насоки, обрасци, примери и материјали за обука, со верзија и датум. Правила за стручна проверка, пристапност, повратни информации и ажурирање. Доверливите и лиценцираните инструменти имаат одделен контролиран пристап.	V.9 VI.2–3 VIII.4 I–III

ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА ЦЕЛОСНИОТ ПРОЦЕС

Графички приказ 3. Поврзаност на подготовката, училишната работа и унапредувањето на системот



Приказот ја покажува поврзаноста на процесите. Основната училишна поддршка започнува со препознавањето и продолжува независно од потребата за формална идентификација. Надворешната стручна поддршка се обезбедува според потребите и воспоставените услови, а следењето води кон повторна проценка и приспособување.